Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:05.11.2021 15:51:05
Reason:Документ со електронски печат
SERIALNUMBER=CRT3586703 + CN=e-sluzhben-vesnik-na-rsm, OU=EDB - 4030987108771, OU=EMBS - 4054857, O=JP Sluzhben vesnik na RSM, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 248** **5 ноември 2021, петок** **година LXXVII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3924. | **Уредба** за координација на работата, односите и организацијата на Дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел............. | **3** |
| 3925. | **Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.... | **4** |
| 3926. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.............................................. | **5** |
| 3927. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Golden Fleece 21“ во Република Грција.................................. | **6** |
| 3928. | **Правилник** за начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита................................................ | **6** |
| 3929. | **Правилник** за формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени............................................. | **7** |
| 3930. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија...................................................... | **8** |
| 3931. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.................................... | **12** |
| 3932. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ....................................... | **15** |
| 3933. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ....................................... | **18** |
| 3934. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ....................................... | **22** |
| 3935. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ....................................... | **25** |
| 3936. | **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ....................................... | **29** |

Стр.

3937. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 32
3938. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 35
3939. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 39
3940. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 42
3941. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 46
3942. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 49
3943. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 53
3944. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 56
3945. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 59
3946. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 63
3947. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 66
3948. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 69
3949. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 74
3950. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 78
3951. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ...................... 81
3952. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............ 85
3953. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ........................................ 88
3954. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ........................................ 92
3955. **Одлука** за изменување на одлуката за влегување во сила на Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ........................................ 95
3956. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Биодизел, Еуросупер БС 95, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и течен нафтен гас (ТНГ) ....... 99
3957. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и течен нафтен гас (ТНГ)......... 102
3958. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ)................................ 105
3959. **Одлука** за изменување на одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ) ...................... 108
3960. **Одлука** за доделување на државната награда„22 Ноември“ во 2021 за признание на луѓе од политичкиот, културниот и општествениот живот во Република Северна Македонија кои дале свој придонес во унапредување на меѓучовечкиот соживот и меѓусебното разбирање меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери во Република Северна Македонија .............................. 111
3961. **Правилник** за начинот и постапката на извршување на функциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за потребите на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување....................... 112
3962. **Правилник** за техничките и организациските мерки за безбедност и заштита на обработката на личните податоци ............................................ 114
**Огласен дел** ....................................... 1-92

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3924.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 10 алинеја 10 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 ноември 2021 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА, ОДНОСИТЕ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ДИПЛОМАТСКОТО ПРЕТСТАВНИШТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО СО СЕДИШТЕ ВО БРИСЕЛ

Член 1

Со оваа уредба се уредува координацијата на работата, односите и организацијата на дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел (во натамошниот текст: дипломатското претставништво).

Член 2

(1) Дипломатското претставништво ја претставува Република Северна Македонија во НАТО во Брисел.

(2) Дипломатското претставништво ги претставува ставовите на Република Северна Македонија во НАТО и ги застапува интересите на државата во процесот на креирање и донесување на одлуки во НАТО.

(3) Дипломатското претставништво одржува редовни контакти со меѓународниот персонал на НАТО, со националните претставништва и делегации на земјите членки на НАТО, како и со сите тела и структури на НАТО.

(4) Со дипломатското претставништво непосредно раководи вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во својство на шеф на дипломатското претставништво во НАТО (во натамошниот текст: шефот на дипломатското претставништво), кој воедно е и постојан претставник на Република Северна Македонија, акредитиран во НАТО.

(5) Во отсуство на шефот на дипломатското претставништво го заменува заменикот шеф на дипломатското претставништво кој привремено раководи со дипломатското претставништво, како времен вршител на работите (ad interim).

(6) За политичките прашања и прашањата од безбедносната политика амбасадорот-постојаниот претставник постапува согласно упатствата и насоките на министерот за надворешни работи, а за прашањата од областа на одбраната постапува по претходна координација со министерот за одбрана.

Член 3

Работите од делокругот на дипломатското претставништво се вршат преку:

1. Политички оддел,
2. Одбранбен оддел,
3. Воен оддел,
4. Безбедносен оддел,
5. Административно – техничка служба.

### 1. ПОЛИТИЧКИ ОДДЕЛ

Член 4

(1) Во Политичкиот оддел се вршат работи на следење на општите политички прашања и учеството на претставниците на Република Северна Македонија во работата на комитетите, работните групи и другите постојани и привремени стручни тела на НАТО од оваа област и се одржуваат контакти со сите организации и тела на НАТО и националните претставништва и делегации на земјите членки на НАТО.

(2) Со Политичкиот оддел раководи заменикот шеф на дипломатското претставништво, а за својата работа непосредно му одговара на шефот на дипломатското претставништво, кој му дава насоки за делување и на кој му доставува извештај за својата работа.

(3) Во Политичкиот оддел се упатуваат дипломати од Министерството за надворешни работи.

### 2. ОДБРАНБЕН ОДДЕЛ

Член 5

(1) Во Одбранбениот оддел се вршат стручни работи од областа на одбранбеното планирање, одбранбената политика и одбранбените ресурси, во согласност со насоките на одбранбеното планирање на Министерството за одбрана и учествува во работата на комитетите, работните групи и други постојани и привремени стручни тела на НАТО.

(2) Во Одбранбениот оддел се упатуваат лица вработени во Министерството за одбрана.

(3) Со одбранбениот оддел раководи шеф на Одбранбениот оддел, кој е советник за одбранбени прашања поврзани со НАТО на шефот на дипломатското претставништво.

(4) Шефот на Одбранбениот оддел за својата работа непосредно му одговара на шефот на дипломатското претставништво, од кого добива упатства за спроведување на политичките насоки, додека пак упатства и насоки за стручни прашања од областа на одбраната добива од Министерството за одбрана, за што го известува шефот на дипломатското претставништво.

(5) За својата работа, согласно внатрешните процедури и правила на Министерството за одбрана, Одбранбениот оддел го известува Министерството за одбрана, а истовремено го информира и шефот на дипломатското претставништво.

### 3. ВОЕН ОДДЕЛ

Член 6

(1) Воениот оддел ги претставува Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во НАТО и во него се вршат стручни работи поврзани со учеството во работата на комитетите и следење на комитетите, работните групи и други постојани и привремени тела на НАТО од областа на воените прашања.

(2) Во Воениот оддел се упатуваат припадници на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

(3) Со воениот оддел раководи воениот претставник.

(4) Воениот претставник е постојан претставник на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во Воениот комитет на НАТО и во Воениот комитет на Европската Унија и за својата работа му одговара на министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

(5) Воениот претставник соработува со структурите на НАТО и нивните подредени команди, и координира со националниот воен претставник на Република Северна Македонија во Сојузничката команда за операции во Монс, Белгија и националниот воен претставник за врски во Сојузничката команда за трансформација во Норфолк, САД.

(6) Воениот претставник го советува шефот на дипломатското претставништво за воени прашања поврзани со НАТО, а во негово отсуство заменик воен претставник.

(7) Упатства и насоки за својата работа од областа на одбранбените и воени прашања воениот претставник добива од министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

(8) За својата работа, согласно внатрешните процедури и правила на Министерството за одбрана, Воениот оддел ги известува Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, а истовремено го информира и шефот на дипломатското претставништво.

4. БЕЗБЕДНОСЕН ОДДЕЛ

Член 7

Во Безбедносниот оддел работите се вршат преку:

1. - Одделение - Подрегистар за класифицирани информации
2. - Одделение за соработка во областа на безбедноста и разузнавањето; и
3. - Одделение за соработка во областа на кризниот менаџмент;

**4.1. Одделение-Подрегистар за класифицирани информации**

Член 8

(1) Во Одделението-Подрегистар за класифицирани информации се извршуваат стручни работи од доменот на класифицираните информации добиени во непосредна размена со НАТО и други држави и организации.

(2) Шефот на Одделението-Подрегистар за класифицирани информации за својата работа му одговара на шефот на дипломатското претставништво и на директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

(3) Упатства и насоки за работа за стручни прашања од надлежност на Подрегистарот за класифицирани информации, шефот на Одделението - Подрегистар за класифицирани информации ги добива од директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

(4) Во Одделението - Подрегистар за класифицирани информации се упатуваат лица вработени во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

(5) Во Одделението - Подрегистар за класифицирани информации има офицер за безбедност кој е задолжен за безбедноста на документацијата, просториите и движењето во дипломатското претставништво и одржува контакти со надлежните служби на НАТО.

(6) Должноста офицер за безбедност на дипломатското претставништво ја извршува претставник определен од страна на директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**4.2. Одделение за соработка во областа на безбедноста и разузнавањето**

Член 9

(1) Во Одделението за соработка во областа на безбедноста и разузнавањето се извршуваат стручни работи во областа на безбедносната соработка со НАТО и учествува во работата во надлежни комитети, работни групи и други постојани и привремени работни тела на НАТО.

(2) Претставниците на АНБ и АР во дипломатското претставништво непосредно му одговараат на шефот на дипломатското претставништво, од кого добиваат упатства за спроведување на политичките насоки, а за својата работа во областа на безбедноста и разузнавањето му одговараат на директорот на АНБ, односно на директорот на АР.

(3) Претставниците на АНБ, АР и претставникот за безбедност и разузнавање во Воениот оддел на дипломатското претставништво меѓусебно соработуваат за прашања од заеднички интерес.

(4) За прашања од областа на безбедноста и разузнавањето, претставниците на АНБ, АР и претставникот за безбедност и разузнавање во Воениот оддел на дипломатското претставништво по потреба ги информираат и останатите членови на дипломатското претставништво од другите Оддели, заради меѓусебна координација.

**4.3. Одделение за соработка во областа на кризниот менаџмент**

Член 10

(1) Во Одделението за соработка во областа на кризниот менаџмент со НАТО се извршуваат стручни работи во областа на политиката на НАТО за кризен менаџмент и учествува во работата на надлежните комитети и работните тела на НАТО.

(2) Во Одделението за соработка во областа на кризниот менаџмент се упатуваат лица вработени во Центарот за управување со кризи (во натамошниот текст: ЦУК).

(3) Шефот на Одделението за соработка во областа на кризниот менаџмент за својата работа непосредно му одговара на шефот на дипломатското претставништво од кого добива упатства за спроведување на политичките насоки, додека пак упатства и насоки за стручни прашања од областа на кризниот менаџмент добива од ЦУК, за што го известува шефот на дипломатското претставништво.

(4) За прашања од делокругот на својата работа шефот на Одделението за соработка во областа на кризниот менаџмент го известува ЦУК и шефот на дипломатското претставништво.

5. АДМИНИСТРАТИВНО – ТЕХНИЧКАТА СЛУЖБА

Член 11

(1) За вршење административно – технички работи во дипломатското претставништво се упатуваат помошно - стручни службеници од Министерството за надворешни работи.

(2) За вршење на административно – технички работи, во одделите од член 3 од оваа уредба, во случај на дополнителна потреба од извршување на помошно – технички работи може да се упатат помошно - стручни службеници вработени во Министерството за одбрана, АР, АНБ, ЦУК и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Член 12

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 40-11129/1
2 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3925.**

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Со оваа одлука се одбива Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Говедарник“ с.Крстец Општина Прилеп, поднесена од Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги АК Мермер ГМХ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје бр.24-3836/1 од 21.6.2018 година, бидејќи од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-4612/2 од 4.10.2021 година и од општина Прилеп со бр.10-2429/2 од 28.9.2021 година, се добиени негативни мислења според кои предметниот локалитет навлегува во границите на подрачјето „Плетварски Козјак“ кое е предложено за заштита од категорија НИПР – Научно истражувачки природен резерват, и истиот простор е опфатен со Националната Емералд мрежа на подрачја од интерес за зачувување на Европската Унија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-9713/1
2 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3926.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува право на сопственост на недвижни ствари – објекти кои се наоѓаат на КП бр.15717 дел 1 КО Куманово, улица „Боро Прцан “ бр.38 во Куманово и тоа:

- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 247 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зградата ДЗД, со внатрешна површина од 196 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зградата П , со внатрешна површина од 4 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда , намена на посебен дел од зградата ЛФ, со внатрешна површина од 2 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат , број на посебен дел од зграда , намена на посебен дел од зградата ХС, со внатрешна површина од 65 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК2, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 110 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК2, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зградата ДЗД, со внатрешна површина од 36 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда 3, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 260 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда 3, намена на посебен дел од зградата ДЗП , со внатрешна површина од 207 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда /, намена на посебен дел од зградата ХС , со внатрешна површина од 16 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К2, број на посебен дел од зграда 4, намена на посебен дел од зградата ДП , со внатрешна површина од 260 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К2, број на посебен дел од зграда 4, намена на посебен дел од зградата ДЗД , со внатрешна површина од 205 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК1, број на посебен дел од зграда 5, намена на посебен дел од зградата Т, со внатрешна површина од 383 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК1, број на посебен дел од зграда 5, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 12 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК1, број на посебен дел од зграда 5, намена на посебен дел од зградата ДЗД, со внатрешна површина од 106 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК1, број на посебен дел од зграда 5, намена на посебен дел од зградата П , со внатрешна површина од 27 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат ПО , број на посебен дел од зграда 6, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина од 469 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 53 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат МК2, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зградата ДЗД, со внатрешна површина од 42 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат , број на посебен дел од зграда , намена на посебен дел од зградата ХС, со внатрешна површина од 42 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 53 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зградата ДЗД, со внатрешна површина од 44 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К2, број на посебен дел од зграда 3, намена на посебен дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 53 м2;

- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 1, кат К2, број на посебен дел од зграда 3, намена на посебен дел од зградата ДЗД, со внатрешна површина од 55 м2;

- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В1-1, влез 2, кат ПО, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина од 31 м2; , во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-9986/1
2 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3927.**

Врз основа на член 41 - а став (3) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 ноември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ВЕЖБАТА „GOLDEN FLEECE 21" ВО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА**

1. За учество на вежбата „Golden Fleece 21", која ќе се одржи во Република Грција, во период од 7 ноември до 12 ноември 2021 година, се испраќаат 11 (единаесет) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).
2. Финансиските трошоци за сместување на припадниците на Армијата ги обезбедува Република Грција, а трошоците за транспорт, исхрана и дневници за службено патување ги обезбедува Министерството за одбрана.
3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.
4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-11012/1
2 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3928.**

Врз основа на член 81 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита од центарот за социјална работа (во натамошниот текст: центарот).

Член 2

Спроведувањето и следењето на изречените привремени мерки за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство (во натамошниот текст: жртвите), од страна на стручните лица од центарот се врши итно, со должно внимание за остварување на правата и потребите на жртвата, за да се спречи идно насилство.

Член 3

Изречените привремени мерки за заштита се спроведуваат од страна на Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, со нивно извршување и преземање на дејствија за реализирање на мерката/те, согласно закон.

Член 4

Следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита, од страна на стручното лице кој го води предметот во центарот ( во натамошниот текст: стручното лице), се врши преку постојана комуникација и координација, редовна размена на информации со институциите и органите кои ги извршуваат изречените привремени мерки, непосредна комуникација со жртвата, здруженија, пријави од граѓанин за однесувањето на сторителот за прекршување на привремената мерка за заштита и преземање на дејствија, врз основа на кои може да се утврди дали е постигната целта од изречената привремена мерка за заштита.

Од страна на стручното лице се доставува барање до институцијата и/или органот кој ја спроведува изречената привремена мерка за заштита, за добивање на информациите од ставот 1 на овој член.

Член 5

Од страна на стручното лице се евидентира секое дејствие кое се презема во текот на следењето на изречените привремени мерки за заштита.

Член 6

Од страна на стручните лица се води и изготвува службена документација за следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита, и тоа: индивидуален план за безбедност на жртвата и лист на корисник.

Член 7

Од страна на стручното лице во центарот, за добиените сознанија од следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита и изготвената службена документација, се известува судот за ефектот од извршувањето на изречената привремената мерка за заштита.

Член 8

Врз основа на следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита, а согласно оценката за ефектот од спроведување на мерката/те од страна на центарот, со согласност на жртвата, се доставува до судот предлог за продолжување, замена или укинување на изречената привремена мерка/те за заштита и преземање на дејствија согласно закон.

Член 9

Од страна на стручното лице се следи спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита: забрана сторителот на семејно насилство да се заканува дека ќе стори насилство, забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно комуницира со жртвата, забрана да се приближува на растојание помало од 100 мет-

ри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата, отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од најмалку десет а најмногу 30 дена и забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено, кои се извршуваат од страна на Министерството за внатрешни работи.

Стручното лице, за текот на спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита од став 1 на овој член, бара известување од надлежната организациска единица за криминалистички работи за спроведувањето на мерките и активностите за заштита на безбедноста на жртвата и членовите на нејзиното семејство или за спречување од повторување на насилството, најмалку на секои три месеци.

Стручното лице, во текот на следењето на спроведувањето на изречената привремена мерка за заштита, го разгледува и постапува по известувањето од полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи (во натамошниот текст: полицискиот службеник) за текот на извршувањето на мерката.

Од страна на стручното лице, по добиено известување од став 3 на овој член, за непочитување или прекршување на изречените привремени мерки за заштита веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Од страна на центарот, при изготвување на предлог за продолжување, замена или укинување на изречената привремена мерка за заштита и преземање на други дејствија согласно закон, се зема предвид известувањето од полицискиот службеник за ефектот за спроведување на привремената мерка за заштита, суштински промени во околината на жртвата или во околината на сторителот, кои можат да влијаат на сигурноста и безбедноста на жртвата или за повторување на насилството.

Член 10

Стручното лице при следењето на изречените привремени мерки за заштита: сторителот задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и семејството, задолжително законско издржување на семејството и сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството, ја контактира жртвата за начинот и ефектите од извршувањето на овие мерки.

Од страна на центарот, по добиено известување од жртвата за непочитување или прекршување на изречените привремени мерки за заштита веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Член 11

Стручното лице, за начинот и ефектите од извршувањето на изречената привремена мерка за заштита задолжителна посета на сторителот во советувалиштето, добива сознанија од давателот на услугата, кој ја извршува изречената привремена мерка за заштита.

Од страна на давателот на услугата - советувалиште, кој го спроведува психо-социјалниот третман за извршување на изречената привремена мерка за заштита задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство, се известува надлежниот центар кој ја следи изречената привремена мерка за заштита, најмалку еднаш месечно за текот на психо-социјалниот третман, а по завршување на третманот се доставува извештај за ефектот од третманот и промената во однесување на сторителот.

Во случај кога сторителот не се јави или го прекине психо-социјалниот третман, од страна на давателот на услугата веднаш, а најдоцна три дена од денот на добивањето на сознанието се известува центарот и се доставува извештај за причините за прекинување на третманот.

Од страна на центарот, по добиено известување од став 3 на овој член за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка за заштита веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Член 12

Стручното лице, за начинот и ефектите од извршувањето на изречената привремена мерка за заштита задолжително лекување на сторителот доколку употребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување, добива сознанија од здравствената установа која ја извршува оваа мерка.

Од страна на здравствената установа се доставува извештај за ефектот од лекувањето на сторителот до надлежниот центар кој ја следи изречената привремена мерка за заштита задолжително лекување на сторителот веднаш, а најдоцна три дена по завршувањето на лекувањето, како и на секои три месеци во текот на лекувањето.

Во случај кога сторителот не се јави или го прекине задолжително лекување, од страна на здравствената установа веднаш, а најдоцна три дена од добиеното сознание, се известува надлежниот центар.

Од страна на центарот, по добиено известување од став 3 на овој член за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка за заштита веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Член 13

Стручното лице, при следењето на спроведувањето на која било друга привремена мерка за заштита, која судот ја изрекол како неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството, ја контактира жртвата за начинот и ефектите од извршувањето на оваа мерка/ки.

Од страна на центарот, по добиено известување од жртвата за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка за заштита од став 1 на овој член веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, се известува судот.

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-5230/5 | Министер за труд |
| 1 ноември 2021 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Јагода Шахпаска**, с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**3929.**

Врз основа на член 27-б став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ОПОМЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените опомени е во електронска форма и ги содржи следните податоци:

- реден број;
- број и датум на решението со кое е изречена опомената;
- назив и седиште на правното лице;
- име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомената;
- живеалиште/престојувалиште;
- кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената;
- име и презиме на инспекторот кој ја изрекол опомената и
- забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01 – 6971/1
25 октомври 2021 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Благој Бочварски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3930.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 октомври 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Во Одлуката за влегување во сила на лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13), издадена на Друштвото за трговија на големо и мало, услуги, производство и промет со електрична енергија АБ СОЛАР ДОО увоз-извоз Битола за фотонапонски електроцентрали ФЕЦ "АБ СОЛАР 1" и ФЕЦ "АБ СОЛАР 2", насловот на одлуката се менува и гласи:

"ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА".

Точката 1 од диспозитивот на одлуката се менува и гласи:

"На Друштвото за трговија на големо и мало, услуги, производство и промет со ел. енергија АБ СОЛАР ДОО увоз-извоз с.Суводол Демир Хисар, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ "АБ СОЛАР 1" и ФЕЦ "АБ СОЛАР 2"."

Прилог 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 07-2/10
28 октомври 2021 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за
енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за трговија на големо и мало, услуги, производство и промет со ел. енергија АБ СОЛАР ДОО увоз-извоз с.Суводол Демир Хисар, со седиште во населено место без уличен систем бр.1 Суводол, Демир Хисар, Република Северна Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**: Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата**: 14 март 2013 година

**4. Датум на важење на лиценцата**: 14 март 2048 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца**: ЕЕ-ПРОИЗ-114-2013

**6. Единствен матичен број**: 6498841

**7. Единствен даночен број**: 4002009513954

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ "АБ СОЛАР 1" и ФЕЦ "АБ СОЛАР 2" на КП бр. 1024/1 и 1024/2, КО Суводол, Општина Демир Хисар.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,

- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,

- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,

- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,

- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,

- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,

- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,

- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- извршување на мониторинг на работењето,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**12. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**16. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали, со следните технички карактеристики:

16.1 ФЕЦ АБ СОЛАР 1

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ “АБ СОЛАР 1”

б) вкупна моќност на фотонапонска електроцентрала: 439,57 kW

в) општи податоци:

- година на почеток на градба: 2011 година
- година на завршеток на градба: 2013 година
- година на почеток на работа: 2013 година
- проценет животен век: 25 години

г) податоци за опрема:

- тип на фотонапонски панели: поликристален силициум REC PEAK ENERGY SERIES 245PE/250PE,
- производител на фотонапонски панели: REC Германија
- број на фотонапонски панели: 1791
- моќност на фотонапонски панели: 1635 x 245 W и 156 x 250 W
- тип, производител и номинални податоци на инвертор:
- тип: Fronius IG plus 150 V-3 трифазен,

- производител: Fronius Австрија
- номинални податоци: моќност од 12,77 kW /12 kW DC/AC, напон AC 400 V, 36 парчиња

д) годишно сончево зрачење на таа локација: 2.317 kWh/m2 на хоризонтална површина

е) очекувано производство на електрична енергија: 615,521 MWh годишно

16.2 ФЕЦ АБ СОЛАР 2

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "АБ СОЛАР 2"

б) вкупна моќност на фотонапонска електроцентрала: 705 kW

в) општи податоци:
- година на почеток на градба: 2011 година
- година на завршеток на градба: 2013 година
- година на почеток на работа: 2013 година
- проценет животен век: 25 години

г) податоци за опрема:
- тип на фотонапонски панели: поликристален силициум REC PEAK ENERGY SERIES 245PE/250PE,
- производител на фотонапонски панели: REC Германија
- број на фотонапонски панели: 2820
- моќност на фотонапонски панели: 250 W
- тип, производител и номинални податоци на инвертор:
- тип: Fronius IG plus 150 V-3 трифазен,
- производител: Fronius Австрија
- номинални податоци: моќност од 12,77 kW /12 kW DC/AC, напон AC 400 V, 57 парчиња

д) годишно сончево зрачење на таа локација: 2.317 kWh/m2 на хоризонтална површина

е) очекувано производство на електрична енергија: 1.019 MWh годишно.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17 dhe nenit 235 paragrafët (2) dhe (3) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18) dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 21, paragrafi (1), nënparagrafi 1) të Rregullores së licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/ 19, 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 28 tetor 2021, miratoi

## V E N D I M
## PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR HYRJE NË FUQI TË LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE

1. Në Vendimin e hyrjes në fuqi të licencës së kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 41/13), lëshuar Shoqërisë së Tregtisë me Shumicë dhe me Pakicë, të Shërbimeve, të Prodhimit dhe të Qarkullimit me Energji Elektrike "AB SOLAR" SHPK import-eksport Manastir, për Centralet Elektrike Diellore CED "AB SOLAR 1" dhe CED "AB SOLAR 2", titulli i vendimit ndryshohet si në vijim:

"VENDIM PËR LËSHIMIN E LICENCËS PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE".

Pika 1 e dispozitivit të vendimit ndryshohet si në vijim:

"Shoqërisë së Tregtisë me Shumicë dhe me Pakicë, të Shërbimeve, të Prodhimit dhe të Qarkullimit me Energji Elektrike AB SOLAR SHPK import-eksport f. Suvodol Demir Hisar, i lëshohet licencë e kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga Centralet Elektrike Diellore CED "AB SOLAR 1" dhe CED "AB SOLAR 2".

Shtojca 1 zëvendësohet me shtojcë të re, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

10. Управување со ризик е идентификација, оценка и негова класификација, која опфаќа координирана примена на ресурси на Фондот, за минимизирање, набљудување и контрола на веројатноста и сериозноста која што може да произлезе при обработката на личните податоци, а која може да предизвика материјална или нематеријална штета врз процесите со кои се врши обработка на личните податоци;
11. Систем за заштита на личните податоци е збир од документирани политики, кодекси на практика, насоки, процедури и работни инструкции донесени од страна на Фондот, а кои се во функција на спроведување на техничките и организациските мерки за безбедност на обработката на личните податоци;

12. Авторизиран пристап е овластување доделено на овластеното лице за обработка на личните податоци, за користење на одредена информатичко комуникациска опрема или за пристап до одредени работни простории на Фондот;

13. Администратор на информацискиот систем е лице овластено за планирање и за применување на технички и организациски мерки, како и за контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци;

14. Документ е секој запис кој содржи лични податоци и истиот може да биде во електронска или хартиена форма, да се чува на медиум и во информатичко комуникациската опрема која се користи за обработка на податоците, да се доставува преку пошта или да се пренесува преку електронско комуникациска мрежа;

15. Идентификација е постапка за идентификување на овластеното лице на информацискиот систем;

16. Информатичка инфраструктура е целата информатичко комуникациска опрема на Фондот, во рамките на која се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци;

17. Информациски систем е систем со кој може да се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и употребливи за секој кој што има право и потреба да ги користи;

18. Инцидент е секоја аномалија која влијае или може да влијае на тајноста и заштитата на личните податоци;

19. Контрола на пристап е операција за доделување на пристап до личните податоци или до информатичко комуникациската опрема со цел проверка од овластеното лице;

20. Лозинка е доверлива информација составена од множество на карактери кои се користат за проверка и автентикација на овластеното лице;

21. Колаче (cookie) е информација која што се креира и испраќа од веб-серверот до веб-пребарувачот а која потоа се испраќа назад, како непроменета информација од веб-пребарувачот секогаш кога повторно ќе се пристапи до веб-серверот кој ја креирал информацијата;

22. Работна станица е секој уред (десктоп, лаптоп) кој поврзан во мрежа претставува дел од опремата на Фондот, а на кој, односно со кој се врши обработка на личните податоци во информацискиот систем;

23. Медиум е физички уред кој се користи при обработка на личните податоци во информацискиот систем, на кој податоците можат да бидат снимени или од кој истите можат да бидат повторно вратени и

24. Сигурносна копија е копија на личните податоци содржани во електронските документи, кои се зачувани на медиум за да се овозможи нивно повторно враќање.

Член 3

Фондот ги утврдува целите, безбедноста и начинот на обработката на личните податоци согласно овој Правилник.

**Безбедност на обработка на личните податоци**

Член 4

Одредбите од овој Правилник се применуваат на:

-Целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци со псевдоминизација и криптирање на личните податоци;

- Обезбедување на континуирана доверливост, интегритет, достапност и отпорност на информацискиот систем за обработка;

- Навремено, повторно воспоставување на достапност до личните податоци и пристап до нив во случај на физички или технички инцидент и

- Процес на редовно тестирање, оценување и евалуација на ефективноста на техничките и организациските мерки со цел гарантирање на безбедноста на обработката.

**Управување со ризик**

Член 5

Фондот при утврдувањето и процена на ризикот (управување со ризик) ги зема во предвид ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци.

Управувањето со ризикот од ставот (1) на овој член ги опфаќа следните фази:

а) список (преглед) на сите процеси со кои се врши обработка на лични податоци;

б) процена на ризиците за секој процес на обработка на лични податоци;

в) спроведување и проверка на планираните мерки; и

г) спроведување на периодични безбедносни проверки.

Фондот задолжително врши спроведување и проверка на планираните мерки од став (2) точка в) на овој член, а со цел да се обезбеди дека тие се применуваат и тековно се тестираат.

Фондот задолжително спроведува периодични безбедносни проверки од став (2) точка г) на овој член, за што се подготвува акционен план, чија имплементација се следи од страна на раководството на Фондот.

**Нивоа на технички и организациски мерки**

Член 6

Техничките и организациските мерки, Фондот ги класифицира во две нивоа: стандардно и високо ниво.

**Примена на нивоа**

Член 7

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно ниво.

За документите кои содржат лични податоци задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно ниво.

За документите кои содржат, матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки од високо ниво.

За документите кои се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, а содржат посебни категории на лични податоци/или матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно и високо ниво.

За документите кои содржат, посебни категории на лични податоци, задолжително се применуваат технички и организациски мерки од стандардно и високо ниво.

II. Стандардно ниво на технички и организациски мерки

**Документација за технички и организациски мерки**

Член 8

Технички и организациски мерки во Фондот се обезбедуваат преку документација за технички и организациски мерки и тоа:

-План за создавање систем на технички и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,

-Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица,

-Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти,

-Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и повторно враќање на зачуваните лични податоци,

-Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

**Технички мерки**

Член 9

Фондот при автоматизираната обработка на личните податоци задолжително применува технички мерки за обезбедување тајност и заштита на податоците преку:

-Единствено корисничко име;

-Лозинка креирана за секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфа нумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;

-Автоматизирано задолжително менување на лозинката после првото најавување;

-Времетраење на лозинката е 30 дена;

-Корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на работењето;

-Автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) а за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;

-Автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име и/или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на информацискиот систем;

-Автентикација на овластеното лице со дигитален потпис;

-Инсталирана хардверска и софтверска заштита, огнен ѕид (firewall) и рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;

-Ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;

-Ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови; и

-Приклучување на информацискиот систем на енергетска мрежа преку уреди за непрекинато напојување.

**Сегрегација на должности и одговорности**

Член 10

Обврските и одговорностите на секое овластено лице, кое има пристап до личните податоци и до информацискиот систем, Фондот, ги дефинира и утврдува во правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема.

Фондот, задолжително ги информира овластените лица од ставот 1 на овој член со документацијата за технички и организациски мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

**Контрола и пристап**

Член 11

Овластените лица задолжително имаат авторизиран пристап само до личните податоци и информатичко комуникациска опрема кои се неопходни за извршување на нивните работни задачи.

Фондот воспоставува механизми за да се оневозможи пристап на овластените лица до личните податоци и информатичко комуникациската опрема со права различни од тие за кои се авторизирани.

Во евиденцијата на овластените лица, се внесуваат и нивоата на авторизиран пристап за секое овластено лице.

Администраторот на информацискиот систем кој е овластен со Актот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци може да се доделува, менува или одзема авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко комуникациската опрема само во согласност со критериумите кои се утврдени од страна на контролорот.

**Евиденција на пристап (logs)**

Член 12

Фондот води евиденција за секој авторизиран пристап кој треба да ги содржи следните податоци: име и презиме на овластеното лице, работна станица од каде се пристапува до информацискиот систем, датум и време на пристапување, лични податоци кон кои е пристапено, видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците, запис за авторизација за секое пристапување, запис за секој неавторизиран пристап и запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем.

Во евиденцијата од ставот 1 на овој член, се внесуваат и податоци за идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член, се чува најмалку пет години.

Операциите кои овозможуваат евидентирање на податоците од ставовите 1 и 2 на овој член треба да бидат контролирани од страна на офицерот за заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична проверка на податоците од ставовите 1 и 2 на овој член и изготвува извештај за извршената проверка доколку констатира неправилности.

**Евиденција на инциденти**

Член 13

Во процедурата за управување со сигурносните инциденти во информациониот систем, се определува начинот на евиденција на секој инцидент, времето кога

се појавил, овластеното лице кое го пријавил, нивото на значењето, на кого е пријавен и мерките кои се преземени за негово санирање/разрешување.

**Обезбедување на преносливите медиуми**

Член 14

Фондот согласно анализата на ризикот од нарушување на безбедноста на личните податоци во случај на кражба или друг начин на загуба на преносливите медиуми (мобилна опрема) на кои се врши обработка на личните податоци применува соодветни технички мерки.

Техничките мерките од ставот 1 на овој член го опфаќаат најмалку следното:

- подигање на свеста на овластените лица за специфичните ризици поврзани со користење на преносливи медиуми (на пример: кражба на опремата) и утврдените процедури за намалување на овие ризици;
- спроведување на мерки за правење на сигурносна резервна копија или синхронизација на мобилните работни станици, со цел да заштитат од губење на зачуваните податоци;
- мерки за криптирање за заштита на мобилни работни станици и медиуми за мобилно складирање (лаптоп, УСБ, надворешни хард-дискови, ЦД-РОМ, ДВД, итн.).
- употреба на услуги во облак (cloud services) за правење на сигурносни копии само по претходна анализа на нивните услови и безбедносни гаранции.

Покрај мерките од ставот 2 на овој член, врз основа на спроведената анализа на ризик, доколку се утврди за потребно, Фондот ги применува и следните мерки:

- поставување на филтер за приватност на екраните на мобилните работни станици што се користат на јавни места, или употреба на мобилни работни станици со интегриран филтер за приватност;
- ограничување на обемот на податоци кои може да се зачуваат на мобилните работни станици на она што е строго неопходно со дополнителна заштита и ограничување за време на патувања, особено во странство;
- спроведување на дополнителни мерки за заштита од кражба (на пример кабел за безбедност, видливо обележување на опремата итн.) и мерки што ги намалуваат негативните ефекти (на пример автоматско заклучување, криптирање); и
- кога мобилните уреди се користат за собирање податоци во движење (на пример: лични асистенти, паметни телефони, лаптопи, итн.), шифрирање на податоците на самиот уред.

Исто така, заклучување на уредот по неколку минути неактивност и прочистување на податоците собрани веднаш штом се пренесат во информацискиот систем на Фондот.

**Заштита на внатрешната мрежа**

Член 15

Фондот обезбедува заштита на својата внатрешна мрежа преку овозможување само на неопходните мрежни функции потребни за обработка на личните податоци, а особено преку:

- ограничување на пристапот до интернет со блокирање на несуштински услуги и сервиси (VoIP, peer to peer, итн.);
- управување со Wi-Fi мрежата кое опфаќа користење на најсовремените методи на криптирање (на пример: WPA2 или WPA2-PSK и со употреба на комплексна лозинка која на определен временски период се менува);
- Wi-Fi мрежата која е отворена за употреба на лица кои не се овластени (на пример надворешни посетители) задолжително да биде одвоена од внатрешната мрежа;
- во случај на далечински пристап, задолжително воспоставување на VPN конекција, со задолжителна автентикација на овластеното лице (на пример: паметна картичка, уред за генерирање лозинка за еднократна употреба – OTP и слично);
- обезбедување ниту еден административен панел за управување со содржина и нагодување на системот да не биде директно достапен преку интернет (далечинското одржување задолжително да се изврши преку VPN); и
- ограничување на мрежниот сообраќај со филтрирање на влезниот/појдовниот сообраќај на опрема со заштитен ѕид, прокси сервери, итн. (на пример: ако веб серверот користи HTTPS, да се обезбеди влезниот сообраќај да биде преку портата 443 и со блокирање на сите други пристапи).

Фондот врз основа на анализата на ризикот, покрај мерките наведени во ставот (1) од овој член, може да примени и други мерки со кои ќе ја зајакне заштитата на својата внатрешна мрежа.

**Овезбедување на серверите**

Член 16

Фондот согласно анализата на ризик од аспект на примената на технички и организациски мерки, за приоритет ги има своите сервери на кои се централизира обработката на голема количина на лични податоци. При тоа, Фондот ги применува следните мерки:

- единствено овластени лица кои ги имаат потребните знаења може да имаат пристап до алатките и административни панели на серверите;
- примена на овластувања со помалку привилегии за лицата кои не се администратори на информацискиот систем (вообичаени операции за стандардни корисници);
- примена на посебна политика за креирање и употреба на лозинките за администраторите на информацискиот систем (на пример: промена на лозинките по секое заминување на администраторот, употреба на повеќе факторска лозинка...);
- инсталирање на сите важни ажурирања (updates) за оперативните системи и за апликациите во временски интервал врз основа на анализата на ризикот, но не подолго од седмично ажурирање со нагодување на системот за автоматско ажурирање (auto update);
- правење на сигурносни копии и нивна редовна проверка; и
- примена на TLS протокол (со замена на SSL13) или друг протокол што обезбедува шифрирање и автентикација, како минимум за каква било размена на податоци преку интернет и потврда на нејзината соодветна примена преку соодветни алатки.

Во случај кога се врши администрирање на базите на податоци, контролорот ги применува најмалку следните мерки:

- употреба на персонализирани профили за пристап до базите на податоци и креирање на посебно корисничко име за секоја апликација (specific account for each application); и
- примена на мерки против напади преку инјектирање на SQL код, скрипти и слично.

**Обезбедување на веб-страницата**

Член 17

Фондот кој има своја веб-страница треба да примени технички мерки со кои ќе го гарантира точниот идентитет на страницата (pharming prevention), како и доверливоста на информациите што ги испраќа или ги собира преку веб-страницата, и тоа особено преку следните мерки:

- имплементација на криптографски протокол (TLS заменувајќи го SSL) на сите веб страници на контролорот (ако има повеќе од една), користејќи ја единствено најновата верзија и со проверка на неговата правилна имплементација;

- задолжителна употреба на криптографски протокол (TLS) за сите страници од веб страницата, вклучително и формулари за собирање лични податоци, или овозможување автентикација на корисникот и на оние на кои се прикажани или се пренесуваат лични податоци кои не се јавно достапни;

- ограничување на портите за комуникација на оние кои се строго потребни за правилно функционирање на инсталираните апликации.

Ако веб серверот прифаќа само врски со HTTPS протокол, само IP мрежен сообраќај кој влегува преку портата 443 е дозволен, а сите други пристапни порти мора да бидат блокирани;

- обезбедување дека само овластени лица ќе можат да имаат пристап до алатките и административните интерфејси, при што особено да се ограничи употребата да биде достапна само до овластените лица со администраторски привилегии кои се дел од тимот одговорен за информатичката технологија и само за административни активности што се неопходни; и

- ако се користат колачиња што не се потребни од услугата, контролорот обезбедува претходна согласност од интернет корисникот откако ќе го извести корисникот, а пред да се депонира колачето;

(2) Контролорот кој има своја веб-страница не треба да применува практики кои го зголемуваат ризикот од можна злоупотреба, несакана (случајна) или намерна неовластена обработка на личните податоци, а особено:

- да не пренесува лични податоци преку URL без примена на протокол за криптирање (на пример идентификатори или лозинки);

- користење на небезбедни услуги; - употреба на сервери кои хостираат бази на податоци или сервери како работни станици, особено не за пребарување на веб-страници, пристап до електронски пораки и слично;

- поставување на базите на податоци на сервери кои се директно достапни преку интернет; и

- споделување и употреба на корисничките сметки (user accounts) помеѓу две или повеќе овластени лица.

**Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем**

Член 18

Обврските и одговорноста на администраторот на информацискиот систем, Фондот ги дефинира и утврдува во правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема.

Фондот, задолжително врши периодична контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и изработува извештај за извршената контрола.

Во извештајот од ставот 2 на овој член, треба да се содржани констатираните неправилности и предложените мерки за отстранување на тие неправилности.

**Обврски и одговорности на овластените лица**

**Идентификација и проверка**

Член 19

Фондот задолжително води евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, како и воспоставува постапки за идентификација и провркa на авторизираниот пристап.

Кога проверката се врши врз основа на корисничко име и лозинка, Фондот секогаш ги применува правилата кои ја гарантираат нивната доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на истите.

Лозинките треба автоматски да се менуваат по изминат временски период што не може да биде подолг од три месеци утврден во Актот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, како и да се чуваат заштитени со соодветни методи, така што нема да бидат разбирливи додека се валидни.

**Сигурносни копии и повторно враќање на зачуваните лични податоци**

Член 20

Фондот е одговорен за проверка на примената на правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци.

Во Правилата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се содржани постапките за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени и уништени.

Сигурносни копии задолжително се прават секој работен ден и на крајот од работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот.

Сигурносните копии задолжително се прават на начин со кој ќе се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

Фондот, задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии за вршење на реконструкција на личните податоци согласно ставот 4 на овој член.

**Начин на архивирање и чување на податоците**

Член 21

Фондот, во однос на личните податоци за кои сè уште не истекол рокот за нивно чување согласно закон, а за кои престанала потребата од нивна непосредна и секојдневна обработка, врши архивирање на безбеден начин, особено ако архивираните податоци се чувствителни податоци (посебни категории на лични податоци), или податоци што можат да имаат сериозно влијание врз субјектите на личните податоци, доколку бидат компромитирани.

Согласно ставот 1 од овој член, Фондот определува постапка за управување со архивскиот материјал во однос на тоа кои податоци треба да се архивираат, како и каде се чуваат и кој, како и под кои услови има пристап до нив.

Фондот задолжително донесува соодветен документ „Список (преглед) со рокови на чување на личните податоци" во кој ќе бидат содржани информации за моментот на активирање на периодот (рокот) за чување на личните податоци, идентификуваните периоди (рокови) за чување на личните податоци, причините за чување на личните податоци, законскиот основ за чување на личните податоци и сопственикот на податоците.

Фондот е должен документот од ставот 3 на овој член да го ревидира и усогласува годишно согласно промените во работењето и законските услови за чување на личните податоци.

**Управување со преносливи медиуми**

Член 22

Преносливите медиуми на кои се врши обработка на личните податоци Фондот обезбедува дека се чуваат на локација, до која пристап имаат само овластени лица утврдени од негова страна.

Пренесувањето на медиумите од ставот 1 на овој член надвор од работните простории се врши само со претходно овластување од страна на директорот на Фондот или врз основа на склучен договор за соработка.

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот треба да се уништи, избрише или да се исчисти од личните податоци снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши на начин кој ќе гарантира дека податоците кои биле снимени на него не можат повторно да бидат реконструирани (на пример: со механичко разделување на неговите составни делови).

Бришењето или чистењето на медиумот треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 4 и 5 на овој член Фондот обезбедува информациска трага (на пример: записник), која ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци кои биле снимени на истиот.

**Криптирање на личните податоци**

Член 23

Кога Фондот врз основа на анализата на ризикот, а земајќи ги предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката на личните податоци, врши криптирање на личните податоци, секогаш применува најсовремени технички решенија за криптирање со кои го обезбедува интегритетот, доверливоста и автентичноста на личните податоци.

Во согласност со ставот 1 на овој член Фондот применува единствено признати и безбедни алгоритми за криптирање (како на пример: SHA-256, SHA-512 или SHA-341 како хаш функција, HMAC користејќи SHA-256, bcrypt, scrypt или PBKDF2 за чување лозинки, AES или AES-CBC за симетрично криптирање, RSA-OAEP v2.1 за асиметрично криптирање...), а воедно обезбедува заштита на тајните клучеви за криптирање со ограничувачки права за пристап и посебно креирана безбедна лозинка за пристап.

Фондот донесува внатрешна процедура во која задолжително се пропишува начинот на управување со тајните клучеви и сертификати, земајќи го предвид и управувањето со ризикот на заборавени лозинки.

**Физичка безбедност**

Член 24

Серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, треба да се физички лоцирани во просториите на Фондот, хостирани административни од страна на овластени лица на Фондот.

Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите може да имаат само лица посебно овластени од директорот на Фондот.

Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и личните податоци зачувани на серверите, тогаш тоа лице треба да биде придружувано и надгледувано од лицето од ставот 2 на овој член.

Просторијата во која се сместени серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примени на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

По исклучок од ставот 1 на овој член, серверите на кои се инсталирани софтверски програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од просториите на Фондот.

Во случајот од ставот 5 на овој член, меѓусебните права и обврски на Фондот и правното, односно физичкото лице кај кое се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, треба да бидат уредени со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура**

Член 25

Информацискиот систем и информатичката инфраструктура на Фондот задолжително подлежат на внатрешна и надворешна контрола со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во документацијата за техничките и организациски мерки се применуваат.

На Фондот се врши надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура на секои три години, а внатрешна контрола секоја година.

Надворешната контрола од став 1 на овој член се врши преку обработка на документи од страна на независно трето правно лице.

Во извештајот од извршената контрола од ставот 1 на овој член задожително треба да има мислење за тоа во колкава мера постапките и уптствата содржани во документацијата за техничките и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци, да се наведени констатираните недостатоци, како и предложените неопходни коલективни мерки за нивно отстранување.

Во извештајот од ставот 4 на овој член треба да се содржани податоците и фактите врз основа на кои е изготвено мислењето и се предложени мерките за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот од ставот 4 на овој член се анализира од страна на офицерот за заштита на личните податоци, кој доставува предлози на Фондот за преземање на потребните корективни или дополнителни мерки, за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот од ставот 4 на овој член, треба да биде доставен за увид на Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Обработувач на збирка на лични податоци**

Член 26

Одредбите од овој Правилник се применуваат и при обработка на личните податоци од страна на обработувачот на збирка на лични податоци.

**Управување со обработувачи**

Член 27

Фондот, применува процедура за одлучување за избор на обработувач, за кој предвидува:

-анализа на потенцијални обработувачи во однос на нивните технички и организациски мерки за обезбедување на гаранција дека обработката на личните податоци е во согласност со прописите за заштита на личните податоци, како и за обезбедување на заштита на правата на субјектите на лични податоци; и

-анализа на ризиците врз работењето на Фондот што можат да произлезат при обработката на личните податоци од страна на обработувачите.

**Ангажирање на обработувачи**

Член 28

Во случај кога Фондот ќе одлучи да пренесе работи од неговиот делокруг на работа поврзани со обработка на лични податоци на обработувачот, должен е да обезбеди дека личните податоци се обработуваат под негов надзор над безбедноста на личните податоци, при што личните податоци мора да бидат обработувани со безбедносни гаранции.

Во случаите од ставот 1 на овој член, Фондот може да пренесе работи само на обработувач кој може да обезбеди доволно гаранции, особено во однос на потребното знаење од областа на заштитата на личните податоци, сигурноста и ресурсите.

Меѓусебните права и обврски на Фондот и обработувачот се уредени со договор при што Фондот пред да го склучи договорот е должен да побара од обработувачот (давател на услугата), да му ја презентира својата безбедносна политика во однос информацискиот систем и информатичкта инфраструктура на која ќе се врши обработката на личните податоци во име на контролорот.

Безбедносната политика од ставот 3 на овој член треба да содржи податоци со кои ќе се гарантира безбедноста на личните податоци, и тоа:

- дали и како се врши криптирање на податоците според нивната чувствителност;
- постоење на процедури кои гарантираат дека никој нема да има неовластен пристап до податоците;
- дали и како се врши криптирање на преносот на податоци;
- гаранции во однос на следливост (логови, информациска ревизорска трага...);
- управување со правата на пристап;
- автентикација; и
- други мерки за безбедност на обработката на личните податоци.

Договорот од ставот 3 на овој член треба да содржи одредби особено за:

- предметот, должината и целта на обработката на личните податоци;
- обврските за обработувачот да преземе технички и организациски мерки за да обезбеди безбедност на обработката на личните податоци;
- обврските во однос на доверливоста на доверените лични податоци;
- минималните стандарди за автентикација на овластените лица;
- условите за враќање на податоците и/или нивно уништување по истекот или раскинувањето на договорот;
- правилата за управување и известување на контролорот во случај на инциденти, односно во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци;
- обврските за обработувачот да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на контролорот; и
- другите обврски и одговорности согласно со прописите за заштита на личните податоци и со донесената документација за технички и организациски мерки.

**Организациски мерки**

**Организациски мерки за безбедност на личните податоци**

Член 29

Организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, во Фондот, се обезбедуваат со:

-целосна доверливост и сигурност на лозинките и другите форми на идентификација;

-организациски правила за пристап до деловите од системот потребни за извршување на работната задача;

-мерки на физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се чуваат и обработуваат податоците;

-почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опремата на која се обработуваат податоците;

-информирање и обука на вработените;

-уништување на документи по истекот на рокот за нивно чување.

Вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси во Фондот, го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице, со право на пристап до информацискиот систем, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката односно заклучени за натамошен пристап.

Известувањето, се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

**Информирање и едуцирање за заштита на лични податоци**

Член 30

Вработените во Фондот и лицата кои се ангажираат за извршување на работи во Фондот, должни се да обезбедат тајност, заштита на личните податоци на осигурениците и корисниците на права и другите лични податоци и истите да ги обработуваат и користат според техничките и организациските мерки на Фондот.

Вработените во Фондот и лицата од став 1 од овој член задолжително го применува правилото "чисто биро" при обработка на личните податоци содржани во документите за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

За документите кои се пренесуваат надвор од работните простории на Фондот, задолжително се применуваат соодветни мерки така што личните податоци содржани во истите нема да бидат видливи и достапни за трети лица или други неовластени лица.

**Информирање за заштитата на личните податоци**

Член 31

Лицата кои се вработуваат во Фондот, пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со заштитата на личните податоци на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување и на другите податоци кои ги води Фондот.

Лицата кои се ангажираат за извршување на работи во Фондот, во договорот за нивното ангажирање се наведуваат обврските и одговорностите за заштита на личните податоци и другите податоци кои ги води Фондот.

Лицата од ставот 1 и 2 на овој член, пред отпочнување со работа, своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Изјавата од ставот 3 на овој член треба да содржи:

-име и презиме на работникот

-назив на работното место

-дека ќе ги почитува начелата за заштита на личните податоци

-дека ќе ги применува техничко- организациските мерки за тајност и заштита на обработка на личните податоци и ќе ги чува како доверливи личните податоци како и мерките за нивна заштита.

-ќе врши обработка на личните податоци во Фондот и на други лица нема да издава било каков податок од збирките на лични податоци или било каков друг личен податок, кој му е достапен и кој го дознал или ќе го дознае при работата во Фондот.

Изјавата од став 3 на овој член своерачно е потпишана, и задолжително се чува во досието на вработениот.

**Пристап до документите**

Член 32

Пристапот до документите треба да биде ограничен само за овластени лица во Фондот.

За пристапувањето до документите задолжително треба да се воспостават механизми за идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува.

Доколку е потребен пристап на друго лице до документите, тогаш треба да бидат воспоставени соодветни процедури за таа цел, во документацијата за техничките и организациски мерки.

**Правило чисто биро**

Член 33

Фондот задолжително го применува „чисто биро", при обработката на личните податоци содржани во документите за нивна заштита за време на целиот процес од пристап на неовластени лица.

**Чување на документи**

Член 34

Чувањето на документите треба да се врши на начин со што ќе се применат соодветни механизми за попречување на секое неовластено отварање.

Кога физичките карактеристики на документите не дозволуваат примена на мерките од ставот 1 на овој член, Фондот треба да примени други мерки кои што ќе го спречат секој неовластен пристап до документите.

Ако документите не се чуваат заштитени на начин определен во ставовите 1 и 2 на овој член, тогаш Фондот треба да ги примени сите мерки за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

**Уништување на документи**

Член 35

Уништување на документите се врши со ситнење или со друг начин, при што истите повторно да не можат да бидат употребливи.

Во случајот од ставот 1 на овој член, комисиски се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документот како и за категориите на личните податоци содржани во истиот.

**Начин на чување на документите**

Член 36

Плакарите (орманите), картотеките или другата опрема за чување на документи задолжително треба да бидат сместени во простории заклучени со соодветни заштитни механизми. Просториите треба да бидат заклучени и за периодот кога документите не се обработуваат од овластените лица.

Кога физичките карактеристики на просториите не дозволуваат примена на мерките од ставот 1 на овој член, Фондот треба да примени други мерки за да се спречи секој неовластен пристап до документите.

III. Високо ниво за технички и организациски мерки

Член 37

Високото ниво на технички и организациски мерки, подразбира:

-примена на електронски сертификати за идентификација и автентификација,

-криптирање на податоците кога се пренесуваат на медиуми,

-криптирање или посебна заштита со соодветни методи кога се пренесуваат преку телекомуникациска мрежа.

**Дополнителни правила за технички мерки**

Член 38

Фондот воспоставува механизми кои овозможуваат јасна идентификација на секое овластено лице кое пристапило до информацискиот систем и можност за проверка на авторизацијата за секое овластено лице.

Високото ниво на технички и организациски мерки, Фондот го пропишува преку:

-управување со лозинки,

-сертификација за заштита на личните податоци,

-управување со преносливи медиуми,

-тестирање на информацискиот систем,

-сертификациони постапки,

-пренесување на медиуми,

-пренесување на личните податоци преку мрежа за електронски комуникации.

**Управување со лозинки**

Член 39

Фондот користи алатки за управување со лозинки со кои обезбедува дека различните лозинки за секоја услуга, или софтверска програма соодветно се чуваат, при што за пристап до сите лозинки обезбедува главна лозинка (master password), која е зајакнато комплексна, односно составена е од комбинација на најмалку 12 алфанумерички карактери (букви/мали и големи), симболи, броеви и специјални интерпукциски знаци) и да се менува во период не подолг од 30 дена.

Фондот во согласност со анализата на ризикот, за одредени овластени лица (на пример за администраторот на информацискиот систем или лицата кои креираат и користат главна лозинка (master password), може

да изврши дисперзија на ризикот преку управување со лозинката со дополнителен фактор согласно правилото n-2 (на пример: информацијата за лозинката да биде поделена на две или повеќе лица кои заеднички ќе се најавуваат на начин што секој ќе знае само дел од информацијата која ја сочинува лозинката, или едно овластено лице ја знае лозинка, а друго ја поседува и употребува паметна картичка – smart card).

**Сертификација за заштита на личните податоци**

Член 40

Фондот, покрај внатрешната контрола, а на доброволна основа, може да изврши и проверка на процесите и интерните документи за заштита на личните податоци заради сертификација на процесите преку кои се обработуваат личните податоци, со цел да демонстрира усогласеност со прописите за заштита на личните податоци при операциите на обработка.

Сертификацијата се врши од Агенцијата или од сертификациони тела согласно прописите за заштита на личните податоци.

**Управување со преносливи медиуми**

Член 41

Фондот е должен да воспостави систем за евидентирање на медиумите кои се примаат со цел да овозможи директна или индиректна идентификација на видот на медиумот кој е примен, датум и време на примање, испраќач, број на медиуми кои се примени, вид на документ кој е снимен на медиумот, начин на испраќање на медиумот, име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.

Одредбите од ставот 1 на овој член се применуваат и за евидентирање на медиумите кои се испраќаат од страна на Фондот.

За пренесените медиуми надвор од работните простории на Фондот, треба да бидат преземени неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив.

Пренесување на медиуми кои содржат лични податоци надвор од просториите на Фондот се врши само со претходно овластување од Директорот на Фондот или врз основа на склучен договор за соработка.

**Тестирање на информацискиот систем**

Член 42

Фондот задолжително врши тестирање на информацискиот систем пред неговото имплементирање или по извршените промени со цел да се провери дали системот обезбедува тајност и заштита на обработката на личните податоци согласно со документацијата за технички и организациски мерки и прописите за заштита на личните податоци.

Тестирањето од став 1 на овој член, се врши преку обработка на документи кои содржат имагинарни лични податоци од страна на независно трето правно лице.

**Сертификациони постапки**

Член 43

Фондот може да применува и други технички мерки за тајноста и заштита на обработката на личните податоци, преку примена на сертификациони постапки согласно прописите што ја уредуваат употребата на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

**Пренесување на медиуми**

Член 44

Медиумите можат да се пренесуваат надвор од работните простории само ако личните податоци се криптирани или ако се заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи, при што само администраторот на информацискиот систем може да ги декриптира или лице овластено од него.

**Пренесување на личните податоци преку мрежа за електронски комуникации**

Член 45

Личните податоци можат да се пренесуваат преку мрежата за електронски комуникации само ако се криптирани или ако се посебно заштитени со соодветни методи кои гарантираат дека податоците нема да бидат читливи при преносот.

**Организациски мерки**

**Копирање или умножување на документите**

Член 46

Копирањето или умножувањето на документите може да се врши единствено со контрола на овластени лица определени со претходно писмено овластување од страна на Фондот.

Уништувањето на копиите или умножените документи, треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

**Пренесување на документи**

Член 47

Во случај на физички пренос на документите, Фондот задолжително презема мерки за нивна заштита од неовластен пристап или ракување со личните податоци содржани во документите кои се пренесуваат.

IV. Преодни и завршни одредби

Член 48

Начинот и условите за обезбедување на технички и организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци се уредуваат со документацијата од членот 8 од овој Правилник.

Документацијата од членот 8 од овој Правилник, директорот на Фондот ја донесува во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој Правилник.

Член 49

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да се применува Правилникот за заштита на податоците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 73/2015).

Член 50

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 02-5200/1
28 октомври 2021 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Боро Варошлија**, с.р.

Në bazë të nenit 157, paragrafi (1), nënparagrafi 1) dhe nenit 215, paragrafi (2) të Ligjit të Sigurimit Pensional dhe Invalidor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë’’ nr. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43 /14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15 , 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18), dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 180/19, 275/19 dhe 31/20’’) dhe në lidhje me nenet 119 dhe 120 të Ligjit të Mbrojtjes së të Dhënave Personale (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut’’ nr: 42/20, Këshilli Drejtues i Fondit të Sigurimit Pensional dhe Invalidor i Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 28.10.2021, miratoi:

**R R E G U L L O R E**
**TË MASAVE TEKNIKE DHE ORGANIZATIVE PËR SIGURI DHE MBROJTJE NË PËRPUNIMIN E TË DHËNAVE PERSONALE**

I. Dispozita të përgjithshme

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohen rregullat dhe standardet të cilat i zbaton Fondi i Sigurimit Pensional dhe Invalidor i Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Fondi), dhe e njëjta zbatohet në të gjitha përmbledhjet e të dhënave personale të cilat i mbledh i ruan dhe i përpunon fondi, në mënyrë që të sigurohet mbrojtja e të dhënave personale për obliguesit, të siguruarit dhe shfrytëzuesit e të drejtave nga sigurimi pensional dhe invalidor, për të cilat fondi mban evidencë.

Mbrojtjen e përpunimit të të dhënave personale të referuara në paragrafin (1) të këtij neni, fondi e siguron duke zbatuar masa teknike dhe organizative, të cilat sigurojnë fshehtësinë dhe mbrojtjen e të dhënave, në pajtim me natyrën e të dhënave të përpunuara dhe rrezikun gjatë përpunimit të tyre.

Masat teknike dhe organizative të përcaktuara në këtë Rregullore, zbatohen në mënyrë të përshtatshme në filialet dhe ekspoziturat e fondit.

**Fjalor**

Neni 2

Disa shprehje të përdorura në këtë rregullore kanë kuptimin e mëposhtëm:

1. Besueshmëria është qasje në të dhënat personale vetëm nga personat të cilët janë të autorizuar për t'i përpunuar ato;

2. Integriteti është mbrojtja e saktësisë së të dhënave personale, duke siguruar që të dhënat personale të jenë të sakta, të plota dhe të përditësuara;

3. Personi i autorizuar është person i punësuar ose i angazhuar në fond, i cili ka  qasje të autorizuar në dokumente dhe në pajisjen e informacionit dhe të komunikimit, mbi të cilat përpunohen të dhënat personale;

4. Kontrolli është një procedurë për verifikimin e identitetit të personit të autorizuar të sistemit të informacionit;

5. Zyrtari për mbrojtjen e të dhënave personale është një person i autorizuar nga drejtori i Fondit për kryerjen e pavarur të aktiviteteve, në pajtim me nenet 41, 42 dhe 43 të Ligjit të Mbrojtjes së të Dhënave Personale;

6. Disponueshmëria është qasje e pandërprerë dhe disponueshmëri e vazhdueshme (business continuity) e sistemit të informacionit, në të cilin kryhet përpunimi i të dhënave personale nga ana e personave të autorizuar;

7. Autentifikimi është procedura që mundëson konfirmimin e identitetit të personit të autorizuar, që regjistrohet dhe hyn në sistemin e informacionit në të cilin përpunohen të dhënat personale;

8. Parevokueshmëria është sigurimi i konfirmimit të autentifikimit të identitetit të personit të autorizuar, i cili paraqitet në sistemin e informacionit, me ç’rast personi i autorizuar nuk mund ta mohojë aktivitetin ose veprimin e ndërmarrë;

9. Rreziku i sigurisë është mundësia që të ndodhë një ngjarje e cila mund të rezultojë me komprometimin, në veçanti shkatërrimin aksidental ose të paligjshëm, humbjen, ndryshimin, zbulimin  e paautorizuar të të dhënave personale, ose qasjen e paautorizuar në të dhënat personale të transmetuara, të ruajtura ose të përpunuara ndryshe (në tekstin e mëtejmë: rrezik);

10. Menaxhimi i rrezikut është identifikimi, vlerësimi dhe klasifikimi i tij, i cili përfshin përdorimin e koordinuar të burimeve të fondit, për të minimizuar, monitoruar dhe kontrolluar mundësinë dhe seriozitetin, që mund të lindin gjatë përpunimit të të dhënave personale, të cilat mund të shkaktojnë dëmtim material ose jomaterial gjatë proceseve me të cilat kryhet përpunimi i të dhënave personale;

11. Sistemi i mbrojtjes së të dhënave personale është grup i politikave të dokumentuara, kodeks i praktikës, udhëzimeve, procedurave dhe udhëzimeve të punës të miratuara nga fondi, të cilat janë në funksion të zbatimit të masave teknike dhe organizative për sigurinë e përpunimit të të dhënave personale;

12. Qasja e autorizuar është një autorizim i dhënë personit të autorizuar për përpunimin e të dhënave personale, për përdorimin e pajisjeve të caktuara të informacionit dhe komunikimit, ose për qasje në mjedise të caktuara pune të fondit;

13. Administratori i sistemit të informacionit është person i autorizuar për planifikim dhe zbatim të masave teknike dhe organizative, si dhe për kontrollim të sigurimit të fshehtësisë  dhe mbrojtjes së përpunimit të të dhënave personale;

14. Dokumenti është çdo shënim që përmban të dhëna personale dhe i njëjti mund të jetë në formë elektronike ose në letër, të ruhet në një medium dhe në pajisjet e informacionit dhe komunikimit të përdorur për përpunimin e të dhënave, të dorëzohet me postë ose të transmetohet nëpërmjet rrjetit elektronik të komunikimit.

15. Identifikimi është një procedurë për identifikimin e personit të autorizuar të sistemit të informacionit;

16. Infrastruktura e informacionit është e gjithë pajisja e informacionit dhe komunikimit të fondit, brenda së cilës grumbullohen, përpunohen dhe ruhen të dhënat personale;

17. Sistemi i informacionit është sistem në të cilin mund të përpunohen të dhënat personale në mënyrë që të jenë të arritshme dhe të përdorshme për këdo që ka të drejtë dhe nevojë t'i përdorë ato;

18. Incidenti është çdo anomali që prek ose mund të ndikojë në besueshmërinë dhe mbrojtjen e të dhënave personale;

19. Kontrolli i qasjes është një operacion për shpërndarjen e qasjes në të dhënat personale ose në pajisjen e informacionit dhe të komunikimit, me qëllim të verifikimit nga personi i autorizuar;

Се повикува тужениот Исо Мемиќ од с. Житоше, а сега со непозната адреса во РСМ и во странство, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави лично во Основниот суд во Прилеп, со цел да ја достави својата точна адреса на живеалиште и престојувалиште каде што може да биде пронајден и да му се изврши лична достава на судската писмена или да назначи полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во текот на постапката.

Доколку во определениот рок тужениот не се јави или не достави точна адреса на живеалиште каде што може да се пронајде или не определи свој полномошник, неговите права и интереси ќе бидат заштитени со поставување на привремен застапник преку ЈУ МЦСР Прилеп до правосилното завршување на спорот.

Од Основен суд – Прилеп, П.1-49/21. (51248)

### ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово, во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот Ибраим Амети и Рамадан Амети, двајцата од с. Добарце, против тужениот Весел Велија од с. Добарце, со основ сопственост.

Се повикува тужениот Весел Велија од с. Добарце, сега со непозната адреса, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе му определи времен старател кој ќе го застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П1. бр. 987/21. (51026)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води парнична постапка по тужбата на тужителот Мито Богојески од Скопје, против тужениот Божин Богојевич од с. Беловиште, сега со непозната адреса во САД, со основ сопственост.

Се повикува тужениот Божин Богојевич од с. Беловиште, сега со непозната адреса во САД, во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе му определи времен старател кој ќе го застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П1. бр. 670/21. (51027)

---

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка по тужбата на тужителите Рами Селмани и Јусуф Селмани од с. Џепчиште, Тетово, застапувани преку полн. адв. Ељвира Фејзули од Тетово, против тужените: Ајсел Илјази, Хајрије Илјази, Кумрије Илјази, Севим Илјази, Сундуе Илјази и Турќан Илјази, сите од Тетово, ул. „Кумановска“ бр. 20 за утврдување правен статус на бесправен објект, со вредност 40.000 денари.

Се повикуваат тужените: Ајсел Илјази, Хајрије Илјази, Кумрије Илјази, Севим Илјази, Сундуе Илјази и Турќан Илјази, сите од Тетово, ул. „Кумановска“ бр. 20, сега со непозната адреса во странство, во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас да се јават во судот и да достават своја точна сегашна адреса или да определат полномошник кој ќе ги застапува во постапката. Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе им определи времен старател кој ќе ги застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П1. бр. 681/2021. (51250)

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Сашка Трајковска, објавува дека со Решение 3 Ст. бр. 291/18, 3 Ст. бр. 27/19 од 26.10.2021 година, се запира стечајната постапка на должникот Друштво за градежништво, инженеринг, производство, трговија и услуги Пирамида Инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Момин поток“ б. б. од Скопје, Карпош, со трансакциска сметка број 250-0050002807-56 при Шпаркасе банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6140440, единствен даночен број 4030006603794 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради – и стечајната постапка се заклучува.

Се овластува стечајниот управник Весна Спирковска од Скопје, стечајниот управник да ги заврши судските постапки во кој се јавувал должникот како странка, доколку се создаде имот стечајната постапка да се преотвори.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Трговскиот регистар при ЦР н РСМ заради способноста на  странките во судските постапки на должникот.

Извод од решението да се објави на огласната табла на судот „Службен весник на РСМ“ и веб-страницата на ЦР на РСМ.

**Огласи**

Извод од решението да се достави до Агенција за катастар на недвижности и до други соодветни регистри.

Од Основен граѓански суд Скопје. (50800)

---

Основниот граѓански суд Скопје со Решение 1 Ст. бр. 24/18 преку судијата Ирена Петрушевска, свикува Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги МАНД ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје - во стечај, со следниот

ДНЕВЕН РЕД

Произнесување и гласање по пречистениот текст на планот за реорганизација поднесен од Петар Наумоски од Скопје.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 22.11.2021 година во 12:30 часот, во Основен граѓански суд Скопје, судница 2 прв кат.

Се повикуваат сите доверители да присуствуваат на рочиштето.

Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ" во еден дневен весник, на огласната табла во судот и кај должникот.

Од Основен граѓански суд – Скопје. (50958)

---

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение 1 Ст. бр. 1148/17 преку судијата Ирена Петрушевска, свикува Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за оргнизирање, транспорт и шпедиција КАРГО ТРАНС ТРАНСПОРТ увоз-извоз во стечај со следиот

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгладување на извештајот за работењето на стечајниот управик.
2. Донесување на одлука по предлогот на стечајниот управник за запирање и заклучување на стечајната постпка согласно со член 205 од Законот за стечај.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 16.11.2021 година во 12:30 часот во Основен граѓански суд Скопје, судница 2 прв кат.

Се повикуваат сите доверители да присустваат на рочиштето.

Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ" во еден дневен весник, на огласната табла во судот и кај должникот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (50959)

---

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение 2 Ст. бр. 123/20 преку стечајниот судија Љупчо Тодоровски свикува Собрание на доверители на стечајниот должник Еуростандард банка АД Скопје, во стечај со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Донесување одлука по постигнати - понудени цени за продажба на недвижен имот од Пакет 10 и на подвижни имот од Пакетите бр. 2, 4 и 5 по спроведената електронска аукција на 22.9.2021 година врз основа на одлука за продажба на одборот на доверители Дел. бр. 4286/2 од 16.9.2021 година.
2. Донесување одлука за одобрување на втора продажба преку електронска аукција на недвижен имот од Пакетите бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 11 и 12 на подвижен имот од Пакетите 1 и 3 врз основа на одлука за продажба на одборот на доверители Дел. бр. 4286/2 од 16.9.2021 година.
3. Донесување одлука по барање за доплата на купопродажна цена на недвижност врз основа на пред договор за купопродажба со лицето Енвер Усеини врз основа на Одлука за одобрено барање на одборот на доверители Дел. бр. 866/2 од 25.2.2021 година.
4. Донесување одлука по барање за доплата на купопродажна цена на недвижност врз основа на пред договор за купородажба со лицето Тритерол Петрол ДООЕЛ Струмица врз основа на одлука за одобрено барање на одборот на доверители Дел. бр. 2177/3 од 27.4.2021 година.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 29.11.2021 година во 9:30 часот во Основен граѓански суд Скопје во големата сала на Врховниот суд на РСМ.

Се повикуваат сите доверители да присуствуваат на рочиштето.

Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ", во еден дневен весник, на огласната табла на судот и кај должникот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (51019)

---

Основниот суд во Тетово објавува дека со Решение Ст. бр. 66/21 од 28.10.2021 година се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка поднесена од управителот Рушан Нафиу од с. Стримница, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГЕНДИ Р ДООЕЛ експорт-импорт с. Стримница, Желино со седиште с. Стримница со ЕМБС 6390900 и ЕДБ 4028008505540, со жиро-сметка бр. 290000000914179 при ТТК Банка АД Скопје, со жиро-сметка бр.270063909000168 при Халк банка АД Скопје, со жиро-сметка бр. 380277244000109 при Прокредит банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РМ РРК – Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 15.11.2021 година во 11:00 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (51030)

---

Основниот суд во Охрид со Решение Ст. бр. 19/21 од 14.10.2021 година, поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и услуги БЕЛЛАДИЗАЈН увоз-извоз ДООЕЛ Охрид, регистрирано на ден 19.10.2009 година, со седиште на ул. „Димитар Влахов" б. б. деловен простор/бр. 6, Охрид, со ЕМБС 6532004, ЕДБ 4020009508894, и жиро-сметка бр. 270065320040156 која се води во Халк банка АД Скопје.

Се именува привремен стечаен управник, и тоа: Душко Трпески од Охрид, ул. „Мирче Ацев" бр. 7-В.

Привремениот стечаен управник е должен да испита дали должникот има имот на кој може да се отвори стечајна постапка и дали е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на истата и побарувањата на доверителите.

Се закажува рочиште за претходно испитување на условите за отворање на стечајна постапка, за ден 17.11.2021 год. со почеток во 9:00 часот.

Од Основен суд – Охрид. (51031)

---

Основниот суд во Охрид со Решение Ст. бр. 17/21 од 29.9.2021 година, отвори стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, услуги и угостител-

**Огласи**

ство КЛУБ СЦ ДОО увоз-извоз Охрид, регистрирано на ден 10.3.2016 година, со седиште на булевар „Туристичка", бр. 1-СРЦ/Билјанини извори, Охрид, со ЕМБС 7108400, ЕДБ 4020016530714 и 210071084000145, која се води во НЛБ банка АД Македонија. Стечајната постапка се заклучува, односно не се спроведува, бидејќи должникот нема имот над кој може да се спроведе стечајната постапка и да се намират трошоците за истата и побарувањата на доверителите.

Од Основен суд – Охрид. (51032)

---

Основниот суд во Битола со Решение Ст. бр. 122/21 од 13.10.2021 година отвора стечајна постапка над должникот Друштво за услуги, трговија и производство АРМОР СИСТЕМИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со седиште на ул. „Петар Петровиќ - Његош" бр. 11 Битола, со ЕДБ 4002018554426, ЕМБС 7294654, основано на ден 10.8.2018 година, приходна шифра 43.21 – Електроинсталатерски работи, со трансакциска сметка при Халк банка АД Скопје со бр. 270072946540123, стечајната постапка не се спроведува и се заклучува.

Од Основен суд – Битола. (51035)

---

Основниот суд во Битола преку стечајниот судија Гоче Малиновски во стечајната постапка Ст. бр. 102/19 што се води над должникот Друштво за превоз ФАЛКОН БУС ДООЕЛ Битола, со седиште на ул. „Филип Втори Македонски" бр.56-8 Битола, со ЕДБ 40320095-03947, ЕМБС 6538045, закажува завршно собрание на доверители, кое ќе се одржи во Основниот суд во Битола, на ден 12.11.2021 година во судница бр. 18 со почеток во 12:00 часот, со следниот

Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување на завршниот извештај и завршната сметка.
2. Потврдување на планот за конечна распределба на средствата и
3. Решавање за предметите и правата што преставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса што не биле отуѓени, наплатени или претворени во пари.

Се повикуваат доверителите да присуствуваат на закажаното завршно собрание.

Од Основен суд – Битола. (51038)

---

Основниот суд во Прилеп, преку стечајниот судија Доста Лукароска, со Решение Ст. бр. 65/2021 од 29.10.2021 година, поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, промет, угостителство и услуги МИХАЕЛА-КЕКЕЛЕ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, ул. „Пане Талески" бр.28, Прилеп, запишано со Решение на Централен регистар на РСМ со ЕМБС 7107315, со ЕДБ 4021016529720 – Претежна дејност 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна.

Се закажува рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка за ден 29.11.2021 година во 9:30 часот во Основниот суд во Прилеп, судница бр.14 за кога се повикува застапникот на должникот, привремениот стечаен управник и овластениот проценувач.

Со тоа Решение судот одреди привремен стечаен управник од листата на овластени стечајни управници лицето Љубица Зајкоска од Прилеп, регистриран како Консалтинг Зајкоска Љубица Благој Зајкоска ТП Прилеп, ул. „Цане Илиоски" бр.5, Прилеп и тел. 075/548-410.

Централен регистар да го објави ова Решение преку интернет на својата веб-страница.

Од Основен суд – Прилеп. (51039)

---

Основниот суд во Прилеп, преку стечајниот судија Јасмина Шишковска Стојковиќ со Решение Ст. бр. 66/21 од 29.10.2021 година, поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија, услуги и такси превоз, БЛАЖО ТРИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, ул. „Моша Пијаде" бр.1/74 Прилеп, запишано во Решението на Централен реистар на РСМ со ЕМБС 6316077, со ЕДБ 4021008501868 со жиро-сметка бр. 200002387608141 депонент на Стопанска банка АД Скопје – претежна дејност 33.12 – Поправка на машини.

Се закажува рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка на ден 24.11.2021 година во 8:45 часот во Основен суд во Прилеп, судница бр.15 за кога се повикува застапникот на должникот, проценителот и привремениот стечаен управник.

Со истото Решение судот одреди привремен стечаен управник од листата на овластени стечајни управници лицето Љубица Зајкоска од Прилеп Регистриран како Консалтинг Зајкоска Љубица Благој Зајкоска ТП Прилеп, ул. „Цане Илиоски" бр.5, Прилеп и тел. 075/548-410.

Централен регистар да го објави ова Решение преку интернет на својата веб-страница.

Од Основен суд – Прилеп. (51040)

---

Основниот суд во Штип, со Решение Ст. бр. 16/21 од 1.11.2021 година, огласува дека предлозите на предлагачите Друштво за услуги МОДНА НЕДЕЛА КОРПОРАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Стопанска банка АД Битола и Финансиско друштво СЕЛЕКТ ФАЈНАНС ДООЕЛ Кавадарци за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗБА – ВАЛАНДОВО ДООЕЛ Штип, со ЕМБС 5849861 и ЕДБ 4003004104262 – се повлечени.

Поведената претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗБА – ВАЛАНДОВО ДООЕЛ Штип, со Решение Ст. бр. 16/21 од 16.9.2021 година – се запира.

Решението на Основен суд во Штип Ст. бр. 16/21 од 16.9.2021 година, со кое се определени мерки за обезбедување на имотот на должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗБА – ВАЛАНДОВО ДООЕЛ Штип – се укинува.

Привремениот стечаен управник Димитар Аџиев од Штип определен со Решение на Основен суд во Штип Ст. бр. 16/21 од 16.9.2021 година, се разрешува.

Се утврдуваат трошоци на постапката со износ од 25.000 денари и нив ги поднесува предлагачот.

Извадок од ова Решение да се објави во „Службен весник на РСМ".

Од Основен суд – Штип. (51041)

---

Основниот суд во Кочани, објавува дека со Решение Ст. бр. 21/21 од 28.10.2021 година, се поведува претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за услуги и промет ХИПОКС ДОО Сашо Соколовски и Венцо Соколовски увоз-извоз Виница, ул. „Илинденска" бр. 6, со ЕМБС 5284473, со ЕДБ 400-5999103177, жиро-сметка бр. 210052844730275 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, сметка бр. 210052844-730372 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, сметка бр.

270052844730185 во Халк банка АД Скопје, сметка бр. 300220000011568 во Комерцијална банка АД Скопје, сметка бр. 500000001164803 во Стопанска банка АД Битола.

Се закажува рочиште заради испитување на услови за отворање стечајна постапка на должникот Друштво за услуги и промет ХИПОКС ДОО Сашо Соколовски и Венцо Соколовски увоз-извоз Виница, ул. „Илинденска“ бр. 6 по поднесениот предлог за отворање стечајна постапка за ден 26.11.2021 година, во 14:00 часот, во просториите на овој суд во соба бр. 45.

Се определуваат следните мерки за обезбедување.

За привремен стечаен управник се именува Зоран Денковски од Куманово, ул. „Абдула Прешова“ бр. 21 Куманово, лиценциран стечаен управник.

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

Се задолжува привремениот стечаен управник да ги преземе следните активности.

Да го заштити и одржува имотот на должникот, да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите односно да испита дали постојат причини за отворање стечајна постапка и какви се изгледите за понатамошното одржување на деловниот потфат на должникот.

Привремениот стечаен управник е овластен да влезе во деловните простории на должникот и да ги спроведе наложените дејствија.

Се задолжува должникот Друштво за услуги и промет ХИПОКС ДОО Сашо Соколовски и Венцо Соколовски увоз-извоз Виница, ул. „Илинденска“ бр. 6, да му овозможи на привремениот стечаен управник влез во неговите деловни простории и увид во трговските книги и во останатата деловна документација.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот

Од Основен суд – Кочани. (51042)

---

Основниот суд во Струмица, со Решение Ст. бр. 19/21 од 5.10.2021 година, објавува дека предлогот поднесен од предлагачите Друштво за производство, трговија и услуги СГ ХОЛДИНГ ЕНТЕРПАРАЈС ДООЕЛ Струмица, за отворање на стечајан постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги САВАОТ ГРЕИС ДИСТРИБУТИОН ЕНД ЛОГИСТИК ДООЕЛ Василево, се усвојува.

Се отвора стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги САВАОТ ГРЕИС ДИСТРИБУТИОН ЕНД ЛОГИСТИК ДООЕЛ Василево, со седиште на ул. „Населено место без уличен систем“ бр. 351 – Индустриска зона Васил, Василево, Василево со ЕДБ 4039014500918, ЕМБС 6925472, основан на ден 10.1.2014 година, со трансакциски сметки со број 200002686637025 која се води при Стопанска банка АД Скопје, 210069254720116 што се води во НЛБ банка АД Скопје, 270069254720123 што се води во Халк банка АД Скопје, 530060101660247 што се води во Охридска банка АД Скопје, со главна дејност 46.90 – Неспецијализирана трговија на големо.

За стечаен управник се именува Јован Митков од Струмица, ул. „Ката Поцкова“ бр. 110-2/9, со мобилен телефон 077/956-466.

Стечајната постапка над должникот се отвора на ден 5.10.2021 година во 12 часот.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат доверителите на стечајниот управник во рок од 15 дена од објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да ги пријават своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги. Доверителите се должни да ги пријават и своите разлачни права на подвижните предмети и на правата на должникот што се запишани во регистрите во кои тие предмети, односно права се запишани. Во пријавата мора да се означат предметот над кој постои разлачно право, начинот и основата на засновање на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата. Ако доверителот, без оправдана причина, намерно пропушти да поднесе или одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане.

Разлачните доверители кои не поднеле пријава за одвоено намирување во определениот рок, не го губат правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка.

Се повикуваат должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот, на стечајниот управник.

Се закажува рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања (испитно рочиште) и Собрание на доверители (извештајно собрание) на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка, на ден 25.11.2021 година, во 9:00 часот, во судница бр. 13 во Основниот суд во Струмица.

Решението да се достави до Централниот регистар на Република Северна Македонија Скопје, Регионална регистрациона канцеларија Струмица, Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија – Одделение за катастар на недвижности Струмица, законскиот застапник на должникот, стечајниот управник, Стопанска банка АД Скопје, НЛБ банка АД Скопје, Халк бака АД Скопје, Охридска банка АД Скопје и предлагачот.

Отворањето на стечајната постапка над должникот да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да се објави во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Северна Македонија, на огласната табла и на веб-страницата на Основниот суд во Струмица.

Од Основниот суд – Струмица. (51251)

---

Основниот суд во Струмица со Решение Ст. бр. 29/21 од 14.10.2021 година, објавува дека предлогот на должникот, се усвојува. Се отвора стечајна постапка на должникот Трговец поединец за трговија на мало ХАЦИ ОМЕР Сезер Кран Мустафов ТП Струмица, со седиште на ул. „Бетовенова“ бр. 49, Струмица, запишан во Трговскиот регистар при Централен регистар на РСМ на ден 20.10.2020 година, со ЕДБ 5027020507504, ЕМБС 7462719, транскациска сметка бр. 270074627190156 што се води во Халк банка АД Скопје, со главна дејност 47.11 – Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун.

Отворената стечајна постапка над должникот, не се спроведува и се заклучува.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решение во рок од 8 (осум) дена од денот на објавањето, преку Основниот суд во Струмица до Апелациониот суд Штип.

Од Основен суд – Струмица. (51252)

## Огласи

Основниот суд во Струмица со Решение Ст. бр. 31/21 од 14.10.2021 година, објавува дека предлогот на должникот, се усвојува. Се отвора стечајна постапка на должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВАМИТ ПРОМ ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. „6 Ноември“ бр. 15, Радовиш, запишан во Трговскиот регистар при Централен регистар на РСМ на ден 10.7.2013 година, под деловоден број 30820130002362, со ЕДБ 4023013506544, ЕМБС 6879837, трансакциски сметка број 210068798370133 што се води во НЛБ банка АД Скопје, 270068798370140 што се води во Халк банка АД Скопје и 300230000034605 што се води во Комерцијална банка АД Скопје, со главна дејност 45.31 – Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила.

Отворената стечајна постапка над должникот, не се спроведување и се заклучува.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решение во рок од 8 (осум) дена од денот на објава на истото, преку Основниот суд во Струмица до Апелациониот суд Штип.

Од Основен суд – Струмица. (51253)

---

Основниот суд во Битола, објавува дека со Решение Ст. бр. 144/21 од 2.11.2021 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над Друштво за угостителство, трговија и услуги ДИОН ЛАНЧ БАР увоз-извоз ДООЕЛ Могила со седиште на ул. „А“ бр. 105, Могила, со ЕМБС 7472692 и даночен број 4064020501556, со жиро-сметка бр. 200-0038059389-40 депонент на Стопанска банка АД Скопје, шифра на дејност 56.30 – Подготовка и послужување на пијалаци.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 15.11.2021 година во 10:00 часот во судница бр. 76.

Против ова решение жалба не е дозволена.

Се определуваат следните мерки за обезбедување.

За привремен стечаен управник се именува овластениот стечаен управник Лилјана Трповска, бул. „1 Мај“ бр. 148/1-9, Битола, со мобилен телефон 078/213-148.

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управувањe на должникот за водење на работењето сè до донесувањето на одлуката за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката и да се намират обврските спрема доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории, за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Се забранува определување и спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се повикуваат должниците на должникот и должниковите солидарни должници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Да се објави огласот во „Службен весник на РСМ“, на огласната табла на судот и во Централниот регистар на РСМ.

Од Основен суд – Битола. (51254)

---

Основниот суд во Битола, објавува дека со Решение Ст. бр. 142/21 од 2.11.2021 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЛД КАРТОН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул. „Бурса“ бр. 36, Битола, со ЕМБС 6685889 и даночен број 4002001522936, со жиро-сметки бр. 270-0668588901-57 депонент на Халк банка АД Скопје, жиро-сметка бр. 290-2000003795-05 депонент на ТТК банка АД Скопје и жиро-сметка број 300-600000693-88 депонент на Комерцијална банка АД Скопје, шифра на дејност 38.11 – Собирање на безопасен отпад.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 19.11.2021 година во 13:00 часот во судница бр. 55.

Против ова решение жалба не е дозволена.

Се определуваат следните мерки за обезбедување.

За привремен стечаен управник се именува овластениот стечаен управник Лилјана Трповска, бул. „1 Мај“ бр. 148/1-9, Битола, со мобилен телефон 078/213-148.

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управувањe на должникот за водење на работењето сè до донесувањето на одлуката за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката и да се намират обврските спрема доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории, за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Се забранува определување и спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се повикуваат должниците на должникот и должниковите солидарни должници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Да се објави огласот во „Службен весник на РСМ“, на огласната табла на судот и во Централниот регистар на РСМ.

Од Основен суд – Битола. (51255)

---

Основниот суд во Битола, објавува дека со Решение Ст. бр. 143/2021 од 2.11.2021 година, поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Трговско друштво за производство, услуги и трговија ТИЕРС КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со седиште на ул. „Нико Фундали“ бр. 20/38 Битола, со жиро-сметки 210057809340140 во НЛБ банка АД Скопје, 2801-03105375327 во Силк Роуд банка АД Скопје, 290200-000359620 во ТТК банка АД Скопје, 500000000793681 во Стопанска банка АД Битола, со ЕМБС 5780934, со даночен број 4002003172020 и претежна дејност 47.59.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 15.11.2021 година во 9:30 часот, во соба 76.

Против ова Решение жалба не е дозволена.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува овластениот стечаен управник м-р Мирјана Попчановска од Битола.

**Огласи**

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето сè до донесувањето на одлуката за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката и да се намират обврските спрема доверителите да изготви извештај за економско - финансиската состојба на должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории, за да може да спроведе дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплата од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот и должниковите солидарни должници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Од Основниот суд во – Битола. (51256)

---

Основниот суд Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 49/21 од 19.8.2021 година, е отворена стечајна постапка, над Абедин Лимани од с. Челопек, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за градежништво, трговија, транспорт и услуги АБИ - НДЕРТИМ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово со ЕМБС 5951585 и ЕДБ 4028005142500 со седиште во с. Челопек, Брвеница, со жиро-сметка бр. 240190000372257 при Универзална инвестициона банка АД Скопје, Регистриран при Централен регистар на РСМ РРК – Тетово.

Против погоренаведеното Решение доверителите имаат право на посебна жалба во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на решението во „Службен весник на РСМ“ преку овој суд до Апелационен суд Гостивар.

Стечајната постапка спрема должнимкот не се спроведува и се заклучува, поради немање на имот.

По правосилноста на Решението должникот ќе се брише од Трговскиот регистар што се води при Централен регистар на РСМ, Регистрациона канцеларија – Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (51257)

---

Основниот суд во Тетово објавува дека со Решение Ст. бр. 64/21 од 27.10.2021 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка поднесена од управителот Енвер Мехмеди од с. Слатино, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЕМА ДИНИ МАРКЕТ ДООЕЛ експорт-импорт, со ЕМБС 7014244 и ЕДБ 4079015501430 со седиште с. Слатино, застапуван од полномошникот Ивана Серафимовска адвокат од Тетово, со жиро-сметка бр. 270070142440164 при Халк банка АД Скопје, Регистриран при Централен регистар на РСМ РРК – Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отварање на стечајна постапка на ден 12.11.2021 година во 12:30 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (51258)

---

Основниот суд во Тетово објавува дека со Решение Ст. бр. 63/21 од 27.10.2021 година, поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка поднесена од управителот Ајше Ибраими од Тетово на ул. „108“ бр.38, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги БАБИС ДРЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, со ЕМБС 7296410 и ЕДБ 40280185-35552 со седиште на ул. „Илинденска“ бр. 197-1 Тетово застапуван од полномошникот Ивана Серафимовска адвокат од Тетово, со жиро-сметка бр. 240190109-369896 при Универзална инвестициона банка АД Скопје, Регистриран при Централен регистар на РМ РРК – Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 12.11.2021 година во 11:00 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (51259)

---

Основниот суд во Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 67/21 од 3.11.2021 година, е отворена стечајна постапка, над должникот Друштво за транспорт, трговија и услуги БАБУШ-ТРАНС ДООЕЛ експорт-импорт с. Шипковица, Тетово, Shoqëri për transport, tregti dhe shërbime BABUSH-TRANS DOOEL eksport-import Shipkovica ЕМБС 6429858 и ЕДБ 4028008507330 со седиште во Шипковица со жиро-сметка бр. 29000000-0966559 при ТТК банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РСМ РРК – Тетово.

Против погоренаведеното Решение доверителите имаат право на посебна жалба во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на решението во „Службен весник на РСМ“преку овој суд до Апелациониот суд Гостивар.

Стечајната постапка спрема должникот не се спроведува и се заклучува поради немање на имот.

По правосилноста на Решението должникот ќе се брише од Трговскиот регистар што се води при Централен регистар на РСМ, Регистрациона канцеларија – Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (51260)

## НОТАРСКИ ОГЛАСИ

Се продава недвижен имот по Имотен лист број 289 за КО Опејнца и тоа КП бр.956, дел 1, место викано „Лозишта“, катастарска култура камењар, со површина од 868 м2 сопственост на Дончо Тасески од Охрид за вкупна цена од 50.000,00 (педесет илјади) денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“ , писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотар Никола Кузманоски од Охрид, ул. „7– ми Ноември“ број 28/5 Охрид. (51024)

---

Се продава недвижен имот - нива на КП бр. 1176, м.в. „Коджа бунар“, катастарска култура 11000, класа 1, со површина од 445 м2 и нива на КП бр. 1738 м. в. „Шарапчи“, катастарска култура 11000, класа 2, со површина од 1.197 м2, запишани во Имотен лист бр. 270 за КО Радово сопственост на Глигор Тушев од с. Радово бр. 61, Босилово, за вкупна купопродажна цена од 80.000 денари.

**Огласи**

Се повикуваат соседите чие што земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопствениците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавата за прифаќањето на понудата да се достави до нотарот Валентина Велкова од Струмица, ул. „Маршал Тито" бр. 10. (51025)

---

Над недвижниот имот идна градба - сопственост на заложниот должник Друштво за трговија и услуги АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со седиште на бул. „Кочо Рацин" бр. 15, Кавадарци, со ЕМБС 6797130 кој е носител на право на градење согласно со одобрение за градење на недвижен имот на КП 12491/1 за КО Кавадарци и тоа: реден број 33, влез 1, кат К2, број Б7, намена на посебен/заеднички дел - деловна просторија, со внатрешна површина од 72 м2, реден број 32, влез 1, кат К2, број Б7, намена на посебен/заеднички дел - помошни површини (тераса, лозѓија, балкон), со внатрешна површина од 3 м2, според Лист за предбележување на градба број 19381 КО Кавадарци, врз основа на Нотарски акт - Договор за залог над недвижен имот (Договор за хипотека) со својство на извршна исправа ОДУ бр. 538/21 од 27.10.2021 година, на нотарот Митко Милков од Кавадарци се воспоставува заложно право - хипотека во корист на заложниот доверител НЛБ банка АД Скопје заради обезбедување на парично побарување со износ од 40.000,00 евра (четириесет илјади евра) во денарска противвредност, по основ на Договор за одобрување на станбен кредит бр. KR2021/95190 од 20.10.2021 година, склучен помеѓу НЛБ банка АД Скопје, како заложен доверител, Блаже Трајков од Кавадарци како должник/иден заложен должник и Друштво за трговија и услуги АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, како заложен должник. (51028)

---

Над недвижниот имот - сопственост на заложниот должник Друштво за трговија и услуги АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со седиште на бул. „Кочо Рацин" бр. 15, Кавадарци, со ЕМБС 6797130 и тоа: КП бр. 11603, дел 1, адреса „Илинденска", број на зграда 1, намена на зграда-А2-2, влез 1, кат К5, број Б13, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 83 м2, КП бр. 11603, дел 1, адреса „Илинденска", број на зграда 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат К5, број Б13, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 9 м2, КП бр. 11603, дел 1, адреса „Илинденска", број на зграда 1, намена на зграда-А2-2, влез 1, кат ПО, број В13, намена на посебен дел од зграда П, со внатрешна површина од 3 м2, како и неопределен дел од заедничка сопственост што претставува: ходници, скали, лифт и заеднички комуникациски површини во вл. 1 на КП бр. 11603/1, што му припаѓаат на предметот на залог, заведен на Имотен лист бр. 18909 за КО Кавадарци, врз основа на Солемнизација - Потврда на приватна исправа - Договор за залог на недвижен имот - со својство на извршна исправа ОДУ бр. 537/21 од 26.10.2021 година, на нотарот Митко Милков од Кавадарци се воспоставува заложно право - хипотека во корист на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје заради обезбедување на парично побарување со износ од 28.908,34 евра, во денарска противвредност, по основ на Договор за кредит за купување на станбен простор бр. 02-401-0143678.1 од 14.10.2021 год., склучен помеѓу Комерцијална банка АД Скопје, како заложен доверител, Друштво за трговија и услуги АС МАШИНИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, како заложен должник и Ацо Трајков од Кавадарци како должник/иден заложен должник. (51036)

---

Нотарот Лазар Козаровски со седиште на ул. „11 Октомври" бр. 115а/1 во Скопје, известува дека заложниот должник Друштво за производство, трговија, градежништво, услуги и транспорт ПРО БИЛДИНГ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Тетово, со седиште на ул. „Јане Сандански" бр.43 во Тетово со ЕМБС 7123817 и ЕДБ 4028016529075, застапувано од Трипун Крстевски, управител со нотарски акт - Договор за хипотека на недвижен имот од прв ред со својство на извршна исправа, склучен во мојата нотарска канцеларија под ОДУ бр. 539/21 од 3.11.2021 година, во корист на заложниот доверител Халк банка АД Скопје со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 во Скопје со ЕМБС 4627148 и ЕДБ 4030993162028 а заради обезбедување на парично побарување во износ од 2.865.000 ден., заснова заложно право - хипотека од прв ред и тоа: право на сопственост на недвижен имот запишан во Лист за предбележување на градба број 60615 за КО Кисела Вода 1, КП 286, влез 1, кат К4, број 47 намена - помошни простории (тераса, лоѓија, балкон) со површина од 3 м2 и КП 286, влез 1, кат К4, број 47 намена - стан со површина од 49 м2. (51043)

---

Врз основа на Нотарски акт - Договор за залог над подвижни предмети со својство на извршна исправа (Договор за залог) ОДУ бр. 384/21 на нотарот Зарија Апостолова од Неготино од 26.10.2021 година, склучен помеѓу НЛБ банка АД Скопје, како заложен доверител и Друштво за транспорт, трговија и услуги ЧИТА ШПЕД ДООЕЛ Неготино, со седиште во Неготино, ул. „Првомајска" бр. 32 со ЕМБС 7132123 како должник/иден заложен должник и Друштво за производство транспорт трговија и услуги ГОЛД ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул. „Словенска" бр. 24, Кавадарци со ЕМБС 6574157, како заложен должник, засновано е заложно право над движен имот - возило и приколка:1.) ТМВ, Производител VOLVO; Тип/Модел 24A3C; Комерцијална ознака FH460; Регистарски број KA-0009-AD, Број на шасија YV2RTY0A7EA760634; Сила на мотор 345KW, 12777sm3, во сопственост на Друштвото Голд Транспорт ДООЕЛ Кавадарци според Сообраќајна дозвола MK0743383.2.) ТВ, Производител SCHMITZ; Тип/Модел SKO 24/L-13.4 FP 60 COOL; Регистарски број KA-8487-AC, Број на шасија WSM-00000005095286, во сопственост на друштвото Голд Транспорт ДООЕЛ Кавадарци според Сообраќајна дозвола MK1097640, за обезбедување на парично побарување во износ од 45.000,00 евра, кое заложно право е регистрирано во Централен регистар - Заложен регистар, заведено под единствен деловоден идентификациски број 11420210000314 на 27.10.2021 година. (51045)

---

Се продава земјоделско земјиште во КО Тимјаник, Имотен лист број 79; КП бр. 200/1, м. в. „Плотуњак", ш, ш, класа 2, со површина од 3.430 м2 за цена од 60.000 денари, а во сосопственост на Павлинка Јорданова од Велес и Жаклина Вирлиос од Кавадарци.

Се повикуваат сите лица кои имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) на горенаведениот недвижен имот во

**Огласи**

рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавата за прифаќањето на понудата да се достави до нотарот Зарија Апостолова ул. „Ацо Аџиилов“ бр. 15 А, Неготино. (51046)

---

Уни банка АД Скопје како доверител/заложен доверител и БАДИК-ТРАНС ДООЕЛ Штип, како корисник/заложен должник и Ангелче Георгиев и Кети Георгиева, како заложни должници, заради обезбедување на вкупните побарувањета на заложниот доверител од склучениот Рамковен договор за банкарски услуги бр. 09-39395 од 11.8.2017 год, со Анекс бр. 1 склучен на 26.8.2021 год., под број 0912/37121-2/2021, со кој Анекс бр. 1 се врши измени на одобрениеот Рамковен кредит од 11.8.2017 год., со тоа што се зголемува рамката на 135.000,00 евра, и се додава ново обезбедување, за кое што склучуваат Анекс бр. 1 кон Договор за залог - хипотека со својство на извршна исправа, потврден (солемнизиран) од нотарот Искра Кировска од Штип, ОДУ бр. 408/2017 од 15.8.2017 година, кој Анекс бр. 1 кон Договор за залог – хипотека е потврден (солемнизаиран) од нотарот Соња Катранџиска-Кимова од Штип под ОДУ бр. 260/2021 од 13.9.2021 година, со кој е запишана хипотека врз недвижен имот во сопственост на заложниот должник Бадик-Транс ДООЕЛ Штип во Имотен лист бр. 8345 за КО Штип 1, и врз недвижниот имот во сопственост на заложните должници Ангелче Георгиев и Кети Георгиева запишан во Имотен лист број 89865 за КО Штип 2. (51047)

---

Доверителот Охридска банка АД Скопје, како правен претходник, кој со статусна промена – присоединување кон Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, сега како правен следбеник е доверителот и корисникот на кредитот ПЗУ Д-Р ОРГАНЏИСКИ Штип, имаат склучено: Договор за рамковен револвинг-кредит лимит бр. 13-80768/3 од 29.10.2018 год., со Анекс бр. 1 кон РРКЛ од на 27.1.2021 год., изменет и дополнет со Анекс бр. 2 кон РРКЛ кој доверителот и Корисникот го склучуваат на 7.10.2021 година, со кој доверителот на корисникот му одобрува рамковен кредит со рок до 29.10.2033 год., во износ на денарска противвредност на 1.600.000,00 евра, за кои како обезбедување на сите побарувања на доверителот од Договорот за кредит, со Анекс бр. 1 и Анекс бр. 2 и сите поединечни договори и анекси составен дел на истиот, со Нотарски акт - Анекс број 2 кон Договор за залог на недвижен имот хипотека, со својство на извршна исправа, ОДУ број 1021/18 од 30.10.2018 год. од нотарот Ленче Т. Каранфиловска од Штип, со Нотарски акт - Анекс број 1 - со својство на извршна исправа ОДУ бр.21/21 од 28.1.2021 год. од нотарот Соња Катранџиска-Кимова од Штип, кој Анекс бр. 2 е сочинет под ОДУ бр. 284/21 од 8.10.2021 год. од нотарот Соња Катранџиска-Кимова од Штип, со својство на извршна исправа, воспоставено е заложно право во корист на доверителот и заложен доверител Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, врз недвижен имот во сопственост на заложниот должник ПЗУ Д-Р ОРГАНЏИСКИ Штип запишан во Имотен лист бр. 100514 за КО Штип 5 и во Лист за предбележување на градба бр. 100653 за КО Штип 5. (51048)

---

На Александар Стојановски од Скопје, со живеалиште ул. „Хо Ши Мин“ бр. 263 А, Скопје, сега со непозната адреса на живеење, како привремен застапник му се поставува Маја Лазаревиќ, адвокат од Скопје, со седиште на ул. „Прашка“ бр. 15/1-23 од Скопје, во постапката по Предлогот за издавање на Решение за Нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, поднесен од доверителот НЛБ банка АД Скопје, против должникот Александар Стојановски од Скопје, за долг, во вредност од 29.182 денари.

Се задолжува доверителот да му надомести на нотарот за нотарска награда за изготвување на ова решение износ од 500 денари, за достава на истото, износ од 125 денари и 234 денари за објава на оглас во „Службен весник на РСМ“, или вкупно 859 денари. (51049)

---

Врз основа на Договор за засновање на регистриран невладетелски залог врз подвижни предмети (камиони), потврден од нотарот Зорица Пулејкова, за подрачјето на основните судови на градот Скопје, под ОДУ број 620/21 од 21 октомври 2021 година, склучен меѓу ВФС ИНТЕРНАТИОНАЛ АБ, со седиште во Гетебург, Шведска, како заложен доверител и Друштвото за производство, трговија и услуги ТВИНС ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Богданци, со седиште на ул. „Бранд Петрушев“ број 91 Богданци, Богданци, како заложен должник, заради обезбедување на побарување на заложниот доверител, во износ од 14.400,00 евра, засновано е заложно право-регистриран залог од прв ред врз подвижни предмети на заложниот должник, кое заложно право е регистрирано во Централниот регистар на РСМ на 29.10.2021 година под единствениот деловоден идентификациски број 10120210004146. (51109)

---

Се продава следното земјоделско земјиште, нива на КП број 2686/2, во м. в. „Бела Река“, класа 6, со површина од 1.005 м2, заведено во Имотен лист број 322 за КО Беловодица, сопственост на Шилоски Љупчо од Прилеп за цена од 1.000,00 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите кои граничат со погоренаведените парцели, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се доставаат до нотарот Трајко Маркоски од Прилеп, ул. „Сотка Ѓорѓиоски“ бр. 4. (51110)

---

Се продава земјоделско земјиште кое се наоѓа на КП 294, дел 11, место викано „Воденичиште“, катастарска култура ГЗ/ГНЗ, со површина од 378 м2, видно од Имотен лист број 204 за КО ПАКОШЕВО, за вкупна купопродажна цена од 60.000 денари, сопственост на име на продавачот Дејан Симоновски видно од Имотен лист број 204 за КО ПАКОШЕВО.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите на земјоделското земјиште кои имаат првенствено право на купување во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот да се изјаснат дали ја прифаќаат постигнатата цена и изјавите за прифаќањето да ги доставаат до нотарот Симон Зафироски, бул. „11-ти Октомври“ бр. 19/2-1, Скопје. Во спротивно, го губат правото на првенство. (51111)

---

Се продаваат 350/7765 идеални делови од земјоделско земјиште - нива кое се води под КП бр. 3903, место викано/улица „Мачја глава“, катастарска култура зз, н,

## Огласи

класа 6, со површина 7.765 м2, запишана во Имотен лист 19325 за КО Куманово, сосопственост на Исмет Рушити, за цена од 1,00 евро за м2.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Сл. весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Артан Раховица, ул. „11-ти Октомври“ бр. 7, Куманово. (51112)

---

Се продава земјоделско земјиште и тоа: КП бр. 1154, дел 1, место викано „Фиданки“, катастарска култура н, класа 1, површина 396 м2, КП бр. 1154, дел 2, место викано „Фиданки“, катастарска култура зз / н, површина 319 м2, запишано во Имотен лист бр. 115 во КО Градашорци вон град, сопственост на Љупчо Василев од Струмица, за купопродажна цена од 600 евра.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чиешто земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата (согласно со член 15 од Законот за земјоделско земјиште „Сл. весник на РМ“ бр. 135/07 од 8.11.2007 година). Во спротивно, го губат правото на првенство и сопственикот може земјоделското земјиште да го понуди на друго физичко или правно лице.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Надица Чаушевска Заева, ул. „Ленинова“ бр. 3, Струмица. (51113)

---

